**Врховен суд**

**на Република Северна Македонија**

# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД ПОСЕТИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# НА ОСНОВНИТЕ И АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ

**Скопје, Октомври 2024 година**

# В о в е д

Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно Уставот и законите,  е највисок суд во државата и го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите. Врховниот суд ја врши судската власт на целата територија на Република Северна Македонија.

Во судскиот систем во Република Северна Македонија судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија како самостојни и независни државни органи.

Согласно член 23 од Законот за судовите, **основните судови** се основаат за една или повеќе општини чие подрачје е определено со овој закон. Основните судови согласно со стварната надлежност судат во прв степен и се основаат како судови со основна надлежност и судови со проширена надлежност.

Во рамките на основните судови со проширена надлежност задолжително се основаат специјализирани судски оддели што ќе постапуваат за одделни видови на спорови. Основните судови можат да имаат судски одделенија, да судат надвор од седиштето на судот, како и да имаат судски денови надвор од седиштето на судот.

Согласно член 25 од Законот за судовите, **апелационите судови** се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен определени со овој закон. Седиштата на апелационите судови се во Битола, Гостивар, Скопје и Штип.

Согласно Член 25 од Законот за судовите, **Управниот суд** се основа и ја врши судската власт на целата територија на Република Македонија. Седиштето на Управниот  суд е во Скопје.

Согласно Член 25-а од Законот за судовите, **Вишиот управен суд** се основа и ја врши судската власт на целата територија на Република Македонија. Седиштето на Вишиот управен суд е во Скопје.

Во членот 2 од Законот за судовите се пропишува дека судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Внатрешната организација на судовите и начинот на работењето на судовите се уредува со Судскиот деловник.

Внатрешното работење на судовите обезбедува законито, навремено и ефикасно вршење на функцијата, како и непречено, во разумен рок и економично остварување на правата и обврските на странките.

Согласно член 2 од Судскиот деловник, одредбите од Судскиот деловник се применуваат во сите судови во Република Северна Македонија, освен за поодделни прашања уредени со посебни прописи или со Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Со членот 24 од Судскиот деловник се уредува прашањето за посетите на претседателот на судот од повисок степен на судот од понизок степен. Согласно член 25 од Судскиот деловник, Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија посетите на апелационите и основните судови ги врши по потреба.

За резултатите од посетите се известува Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во периодот од 26.04.2024 до 12.09.2024 година[1], претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Беса Адеми, врз основа на законските надлежности и овластувањата утврдени во Судскиот деловник изврши посета на основните судови,  на апелационите судови, на Управниот суд и на Вишиот управен суд.

Со посетите на судовите во Република Северна Македонија од страна на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се овозможи непосреден увид на состојбите во судовите и информирање за проблемите со кои се соочуваат судовите и кои предизвикуваат реперкусии во нивното функционирање.

Воедно, посетите имаа за цел да се унапреди соработката помеѓу судовите во Република Северна Македонија, заснована на законските и меѓународни принципи за независност на судството од законски, функционален и финансиски аспект.

Потребно е да се нагласи фактот дека претседателот на  Врховниот суд на Република Северна Македонија, ги изврши посетите и од причина што претходно со децении station наназад воопшто не била извршена посета на пониските судови согласно законските надлежности.

Во таа насока, во рамки на посетите особено беше истакната потребата од континуирана и взаемна соработка и комуникација, потребата од ефикасно и ажурно постапување по предметите, особено по предметите од висок јавен интерес, донесувањето на внатрешни процедури за работата на судовите, унапредувањето на транспарентноста согласно начелата за отворено судство, ажурното и иновативно подготвување на проектите за капитални инвестиции, континуираното преземање дејствија согласно правилата за архивско работење, применувањето на  правилникот за начинот на функционирање на

[1] Презентираните податоци во извештаите се однесуваат за периодот од 26.04.2024 до 12.09.2024 година.

информатичкиот систем во судовите и надминување на проблемите со човечките ресурси.

Претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми во  месец Октомври согласно членот 24 од Судскиот деловник, ја извести Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија за извршените посети на сите пониски судови во државата.

Во таа насока, Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија го презентираше Извештајот од посетите на пониските судови, во кој се нотираат состојбите и проблемите и се даваат заклучни констатации и препораки.

Претседателката Адеми истакна дека општа констатација од извршените посети на апелационите и основните судови е дека судовите во Република Северна Македонија се соочуваат со бројни проблеми кои предизвикуваат сериозни реперкусии во работењето и дека потребно е преземање на итни мерки за надминување на нотираната состојба која е алармантна.

Претседателката на Врховниот суд ја извести Општата седница дека со посетите на судовите во Република Северна Македонија од страна на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија се овозможи непосреден увид на состојбите во судовите и информирање за проблемите со кои се соочуваат судовите и кои предизвикуваат реперкусии во нивното функционирање.

Воедно, посетите имаа за цел да се унапреди соработката помеѓу судовите во Република Северна Македонија, заснована на законските и меѓународни принципи за независност на судството од законски, функционален и финансиски аспект.

Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија констатираше дека посетите на пониските судови и подготовката на извештаите од посетите даваат извонреден придонес во смисла на унапредување на генералната состојба во судството и во насока на

зацврстување на судската солидарност како принцип над кој се засновани независноста и самостојноста на судството.

На ден 29.11.2024 година во Врховниот суд на Република Северна Македонија, Претседателката на Врховниот суд пред претседателите на судовите го презентираше извештајот од посетите. Во рамки на настанот беше истакнато дека посетата на судовите од страна на претседателот на Врховниот суд ја зајакнуваат судската солидарност и даваат јасни податоци и насоки за унапредување на состојбите во целокупното судство.

**Апелационен суд Битола**

Апелациониот суд во Битола е основан за подрачјата на основните судови во Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.

Во Апелациониот суд Битола во моментот судиската функција ја извршуваат 7(седум) судии. Согласно Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 26.11.2015 година, за Апелациониот суд Битола утврден е број од 25 (дваесет и пет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот, а во моментот потребни се најмалку уште 10 (десет) судии.

Во моментот на извршената посета од судот информираа дека во тек е постапка по распишан оглас за 4 (четири) судиски места, од кои едно за кривична област и три за граѓанска област.

Бројот на останатите вработени во судот изнесува 46 (четириесет и шест) од кои, 43(четириесет и три) се вработени на неопределено време и три на определено време, иако според актот за систематизација во делот на судската администрација предвидено е вработување на 108 (сто осум) работни позиции, така што произлегува дека 62 (шеесет и две) работни места се непополнети.

Во таа насока, Судот нагласува дека неопходна е потреба од минимум 10 (десет) вработувања од кои, тројца судски соработници, тројца дактилографи, едно работно место во делот за експедиција, две во писарница и еден доставувач.

Проблемите во врска со недостатокот на човечките ресурси односно намалениот број на судии и судска администрација директно се одразува на севкупното работење на судот, најмногу во делот на ажурното постапување, потоа квалитетот во работењето, што од друга страна влијае и во делот на меѓучовечките односи со оглед на преголемата оптовареност со предметите, неможноста судиите како и стручниот кадар да се посветат на едукација, усовршување, а во крајна линија тоа се одразува на зголемено незадоволство кај странките од работењето на судот.

Во врска со капиталните инвестиции за судската зграда од Судот посочуваат дека за наредната година предвидено е во делот на замена на внатрешна и надворешна дограма и тоа на износ од 1.800.000 денари, потоа за набавка на мебел во износ од 400.000 денари и набавка на клима уреди во износ од 300.000 денари или вкупно 2.500.000 денари.

Овие инвестиции се неопходни со оглед на состојбата на судската зграда која е премногу стара (изградена е 1930 година), а покрај тоа потребно е и доуредување на определени простории, конкретно ставката за набавка на мебел во делот на средувањето на архивскиот материјал од трајна вредност, кој моментално се наоѓа во подрумски простории каде има премногу влага и истиот е изложен на опасност од уништување.

Неопходноста од набавка на клима уреди е наложена од фактот што постоечката опрема за греење и климатизација е стара повеќе од 30 години и неопходни се чести поправки и според тоа финансиски е неисплатливо да се поправаат дотраените климатизери.

Во врска со проблемите и пречките за одржување на судската зграда и функционирањето на судот, истите се во корелација со претходно изнесеното во делот на капиталните инвестиции но, судот истакнува дека градбата на судската зграда која е стара скоро 90 години, наложува неопходност од честа интервенција со ситни градежни поправки и санации кои не претставуваат големо оптоварување за буџетот, но проблем е целосното исклучување на ставката за поправки и тековно одржување (424) од буџетот за 2024 година и

неопходните интервенции се сведени на минимум односно се реализираат од средствата на сопствената сметка, кои не се во голем обем.

Покрај тоа, постои потреба од зголемување на буџетот за материјали и ситен инвентар од ставката 423 од каде се набавуваат средства за одржување на хигиена, а состојбата со ценовните шокови од претходната година доведува до помалку средства и на оваа ставка. Од судот понатаму истакнуваат дека наредната година планирано е за оваа намена да се спроведува јавна набавка за што ќе бидат потребни средства во поголем износ.

Зградата на Апелациониот суд во Битола поседува пристап за лица со попреченост само за влез во истата, а не и за пристап до останатите простории кои се наоѓаат на двата ката и во зградата нема лифт.

## Основен суд Битола

Основниот суд во Битола е суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините: Битола, Могила, Новаци и Демир Хисар, со судско одделение во Демир Хисар.

Како суд од проширена надлежност својата функција ја извршува во рамките на надлежностите утврдени со Законот за судовите.

Основниот суд во Битола како суд од проширена надлежност, својата надлежност ја извршува и за подрачјето на Основниот суд во Ресен.

Со Одлуката на Судскиот совет на РСМ број 02-2114/1 од 01.12.2015 година, бројот на судии во Основниот суд во Битола е утврден на 25 (дваесет и пет) судии.

Заклучно со 18.09.2024 година, во Основниот суд во Битола судската функција ја извршуваат 12 (дванаесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

На 12.09.2024 година, 1 (еден) судија исполнил услови за пензија.. Во Основниот суд во Крушево е делегиран 1 (еден) судија и во Основниот суд во Прилеп е делегиран 1 (еден) судија.

Тоа значи дека судот функционира со 12 (дванаесет) судии, односно после 20.09.2024 година, функционира со 11 (единаесет), што е за повеќе од половина помал број на судии од утврдени 25 (дваесет и пет) судиски места за овој суд.

Во Основниот суд во Битола, како и во сите судови низ државата се јавува проблем од недостаток на судии кои би можеле навремено и ажурно во разумен рок да постапуваат по приливот на предмети, кои, за жал, се повеќе и повеќе се зголемува.

Согласно месечните, тромесечните, полугодишните и годишните извештаи секој судија два до три пати го надминува ориентациониот број на предмети што треба еден судија да ги реши.

Вкупниот број на предмети кои се решаваат се до три пати повеќе од оние што се определени со одлуката за ориентационен број на предмети што треба еден судија да ги реши на годишно ниво.

Судиите и покрај тоа што решаваат предмети исполнувајќи и до три норми, сепак приливот на предмети во никој случај не може да се совлада, поради што овој суд, се јавува како неажурен суд.

Во таа насока и согласно горенаведеното, Судот нагласува дека предметите не можат да се решат во законски определениот рок. Напротив, по приемот на предмети судиите ги закажуваат рочиштата дури и по 5 (пет) до 6(шест), па и повеќе месеци од приемот на самиот предмет во судот. Сето тоа се должи на намалениот број на судии кои постапуваат, а за жал, приливот на предмети кои се добиваат во судот драстично се зголемува.

Исто така, како проблем се јавува и тоа да судиите не можат да се специјализираат, односно судиите работат предмети од сите области кои се примаат во судот. Во граѓанскиот оддел сите судии ги работат сите уписници.

Исто така, и во кривичниот оддел судиите работат различен вид на предмети, односно сите судии во овој оддел работат кривични предмети од

разни уписници. После пензионирањето на судијата кој работи на стечаи и трговски предмети,  како проблем сега се јавува и распределбата на овие предмети. Апелациониот суд Битола истакнува дека  и овие предмети ќе мора да се распоредат на сите судии кои работат во граѓанскиот оддел. Што значи дека и во овој случај ќе дојде до зголемување на бројот на предметите кои ги работат судиите во граѓанскиот оддел.

За жал, ваквата состојба се појави во континуитет и продолжува со пензионирањето на судиите со навршени 64 години, а истовремено не пополнување на судиските места со нови кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители.

Овој проблем и понатаму ќе се зголемува со оглед на тоа да и во следните години ќе се пензионираат судии, како и фактот да во Апелациониот суд во Битола има оглас за 4 (четири) судии, па постои реална можност од нашиот суд да бидат избрани, па согласно тоа да дојде до уште намалување на бројот на судии во овој суд. Доколку од овој суд, се изберат судии за во Апелациониот суд, тогаш бројот на судии ќе се намали на 8 (осум) судии, од кои еден е претседател на судот.

За да би можело во судот навремено да се решаваат предметите, односно судот да биде ажурен, како и да може секој судија да даде посебно внимание на секој предмет што ќе биде примен во судот, односно предметите да се решаваат квалитетно неопходно е потребно да се изберат судии согласно утврдениот број, односно да се изберат 25 (дваесет и пет) судии или да бидат делегирани судии од другите судови во државата.

Доколку таа бројка со судии биде пополнета тогаш ќе може секој судија да се специјализира, односно да работи посебен уписник, да се донесуваат поквалитетни одлуки, односно судот да биде ажурен и навремено да се решаваат предметите во согласно постојните закони.

Потребно е да се зголеми бројот на примени кандидати за судии и јавни обвинители во Академијата за судии и јавни обвинители, односно да се забрза процесот на нивниот прием.

Исто така, да се донесат измени на законот како би можело и од редот на стручните соработници кои работат по судовите со поголем стаж од 5 и

повеќе години, да бидат избрани за кандидати за судии или јавни обвинители, кои со скратен временски рок ќе ја завршат наставата во Академијата за судии и јавни обвинители.

Судот нагласува и предлага дека потребно е да се направи измена на Законот за судовите, на начин што судиите ќе можат да се пензионираат со навршени 67 години возраст, а се со цел да се пополни овој вакум просторот на недостаток на кандидати со завршена настава од Академијата за судии и јавни обвинители.

Оваа мерка е неопходно под итно да се спроведе со оглед на тоа да и во наредниот период се очекува пензионирање на голем број на судии и јавни обвинители, а реално не постојат доволен број на кандидати кои моментално се наоѓаат во завршна фаза од практичниот дел во Академијата за судии и јавни обвинители, како и неизвесноста по однос на сегашниот прием на нови кандидати.

Според Актот за систематизација на работните места во Основниот суд во Битола предвидени се 162 (сто шеесет и две) работни места (судски службеници и судска полиција). Во овој момент судот има 72 (седумдесет и два) вработени на неопределено време и 23 (дваесет и три) вработени на определено време до 31.12.2024 година. Тоа значи и дека и во овој сегмент Судот има недостаток на вработени на неопределено работно време, односно бројот на вработени е половичен од оној што е неопходно потребен.

Реален е фактот дека Основниот суд во Битола, по однос на вработените во судската служба се соочува со недостаток на вработени со соодветно завршено образование, односно има недостаток на квалитетен судско-административен кадар вработен на неопределено работно време. Таков недостаток се забележува во секоја организациона единица, односно во секој сектор и секој оддел.

Во изминатиот период има природен одлив на вакви кадри пред се заради исполнување на услови за пензија. Тие слободни работни места не се пополнувани со нови вработувања на неопределено работно време, поради што ваквиот проблем се решава со распоредување на постојните судски

службеници кои се во се помал број, како и склучување на договори за работа на определено работно време.

Сето тоа доведува до застој во движењето на предмети во преземањето на процесните дејствија кои се во надлежност на писарниците и приемното одделение.

Секојдневно настануваат проблеми во овозможувањето на навременото преземање на процесните дејствија за решавање на предметите, односно подобрување на ажурноста на судот и квалитетот на судските одлуки.

За решавање на таквиот проблем неопходно е вработување на судски службеници и административни работници на неопределено работно време и тоа: - 4 (четири) лица за работно место „Судски референт – дактилограф“; 1 (едно) лице за работно место „Судски референт - извршител во писарница"; 4(четири) лица за работно место „Судски соработник"; 2 (две) лица за работно место „Помлад Судски референт – доставувач; 2 (две) лица за работно место „Судски советник"; 3 (три) лица за работно место „Виш Судски референт - извршител во писраница“; 4 (четири) лица за работно место „Самостоен Судски референт - водител во писарница"; 3 (три) лица за работно место „Помлад Судски Соработник"; 2 (две) лица за работно место „Виш Судски соработник“; 1 (едно) лице за работно место „Ложач – Хаусмајстор"; и 2 (две) лица за работно место „Хигиеничар".

Основниот суд Битола нагласува дека оваа потреба е неминовна за нормално функционирање на работата во судот. Судот изразува жалење за добиеното известување дека по однос на нивното барање за добивање на согласност за одобрување на финансиски средства за вработување на 28 (дваесет и осум) извршители преку објавување на јавен оглас согласно Единствениот план за вработување за 2024 година, Министерството за финансии со допис бр. 19-7253/2 од 29.08.2024 година, ги информирало дека не се обезбедени финансиски средства.

Судот истакнува дека повторно ќе се побара од Судскиот совет на РСМ Македонија, Судскиот Буџет и Министерството за финансии, за давање на

согласност за одобрување на средства за пополнување на овој број на судски службеници.

Вработувањето би се реализирало во текот на 2024 година, доколку се одобрат и обезбедат средства преку Судскиот Буџет од Министерството за финансии. Фактички се бара само трансформација на работниот однос на овие извршители од определено, на неопределено работно време.

Односно да се овозможи извршителите на овие работни места кои и денес работат, а се примени на определено време, да може да се примат извршители на неопределено работно време. Во таа смисла, Судот образложува дека не се бараат нови средства, туку се бара веќе одобрените средства да бидат за засновање на работен однос на неопределено работно време.

Ваквата потреба од вработување е неопходно потребна со оглед на тоа да во континуитет во наредните две до три години ќе се намалува бројот на извршители по основ на пензионирање.

Доколку е целта да се постигне добра ажурност на судот и решавање на предметите во разумен рок, односно во рокови определени со законот, неопходно е потребно да се зголеми бројот на судската служба, односно на помошниот персонал кој ќе работи во тим со судијата кон непречено решавање на постапките кои се заведени и се наоѓаат во процедура.

Состојбата како што е денес по приемот на известувањето од Министерството за финансии, со оглед на тоа да работниот однос на извршителите примени со договор за вработување на определено време до 31.12.2024 година, ќе им престане, тогаш навистина работата во судот ќе се стопира, односно не ќе може да се извршуваат навремено и ажурно поставените работни задачи од страна на судската служба која што и во овој момент е преоптоварена со работа, како и приливот на предмети.

Во Основниот суд во Битола неопходно и итно се потребни инвестиции во реновирање на внатрешниот инвентар на судската зграда, техничко-технолошките, информатичките и хигиенските услови за работа во судот, со

посебен акцент за набавка на нова опрема, односно замена на старата и дотраена опрема и инвентарот.

Освен што во последните неколку години што е извршена надворешна реконструкција на зградата на судот, во поглед на внатрешниот ентериер не се направени никакви промени, односно никакви вложувања.

Судот се соочува со стара и дотраена информатичка техника, стари компјутери со исполнета рам меморија, кои често на самиот процес на судење знаат да ја „закочат" работата на судијата и дактилографот, односно да се нефункционални и на нив да не може регуларно и навремено да се запишува сето она што се случува во текот на постапките.

Судиите се соочуваат привремено да го запрат самото судење бидејќи АКМИСОТ „закочил“, компјутерите се со слаб капацитет во поглед на брзината, па се преземаат дополнителни дејствија како би можело самиот судски процес да продолжи. Сето тоа доведува до непријатна ситуација, особено за учесниците во постапката и дефокусирање од она што е важно и клучно за завршување на самото судење.

Во текот на 2024 година, примени се нови 20 (дваесет) компјутери, кои се распоредени по судниците и судиите. Меѓутоа, сепак тоа е мал број на компјутери кои не го задоволуваат потребниот број на компјутери кои би требале да бидат распоредени во сите судници и до сите судски службеници.

Судот има недостаток на печатачи (принтери) и друга информатичка опрема. Принтерите се дотраени и не ја извршуваат функцијата согласно потребите на Судот. Потребно е неопходно под итно набавка на нови принтери, скенери и друга компјутерска опрема и техника.

Сите списи кои се примат во судот, вклучително тужби, доказен материјал, вештачења, обвиненија и слично се скенираат. Поради тоа неопходна е и набавката и на скенери.

Исто така, потребно е подобрување на интернет пристапот како би можело да се користи е-доставата на списи на е-маил на сите учесници во

постапката. Во секој случај потребно е да се преземат чекори за електронско доставување на списите бидејќи поштенските трошоци се зголемуваат.

Инвентарот во судниците и канцелариите е дотраен, искршен, нефункционален. Од Судот истакнуваат дека во таа насока постои голема опасност од телесни повреди на учесниците во постапките.

Во најгорниот кат - поткровје каде што се сместени канцеларии на судии и дактилографи, како и дел од судниците во кои се судат кривични и граѓански премети, покривот е дотраен. Често при врнежи доаѓа до прокиснување (кровот протекува е превентивно се поставуваат помагала за да може да се собира водата која што протекува). Неопходна е потребата од промена на кровот со нови лимови.

Влезот на судот не е опремен онака како што би требало, односно да се прави редовна контрола на сите кои влегуваат во судот согласно стандардите. При влез во Основниот суд во Битола, постои апарат за скенирање на предмети, кој за жал не е во функција повеќе години.

Полициските службеници не можат да извршат детален преглед на лицата кои влегуваат во судот во поглед на тоа дали се носат недозволени предмети, а со кои би можело да се нанесат телесни повреди на судиите и вработените. Потребно е целосно влезот на судот да се реновира, а со цел судската полиција да има целосна контрола на сите кои влегуваат во судот.

Во судот не постои посебна просторија за општа употреба на вработените, односно бифе просторија.

Само 5 (пет) судници се опремени за тонско снимање, во кои се судат граѓански предмети. Ниту една судница каде се судат кривични предмети не се опремени за тонско визуелно снимање на самите судења. Моментално не постои можност за целосна дигитализација на самите судски процеси.

Потребно е набавка на нови монитори кои ќе бидат поставени пред странките во постапката и ќе можат непречено да го следат судскиот процес. Нема опремена просторија за тонско и визуелно испитување на странка или сведок кој се наоѓа во друг град или друга држава.

Не постои посебно опремена просторија каде што може да се испитуваат деца и каде што нема да се чувствуваат непријатно дека се наоѓаат во суд.

Има недостаток на државни знамиња кои ќе бидат истакнати во секоја судница и канцеларија на судија, како и на самата судска зграда при државни празници. Крајно, судиите имаат дотраени и искинати тоги, без беџови, а кои секојдневно се должни да ги носат при судење согласно прописите.

Вратите во судот од судниците и канцелариите се дотраени. Неопходно е потребно веднаш истите да се променат со нови врати.

Исто така, потребно е да се променат и држачите кои се наоѓаат на скалите од судот. Од судот велат дека поради ваквата состојба настанал сериозен здравствен инцидент со вработена-хигиеничарка и од тие причини е потребно да се изврши реновирање на држачите на скалите кои се наоѓаат.

Паркинг просторот што се наоѓа зад судската зграда, исто така, потребно е да се реновира.

На кровот покрај тоа што треба да се промени лимот, потребно е да се постават и фотоволтаици како би можело да се обезбеди производство на електрична енергија, а со тоа и топлинска енергија. Тоа би довело до намалување на трошоците за снабдување со електрична енергија

За реализација и подобрување на наведената состојба потребно е да се обезбедат дополнителни парични средства од Судскиот Буџет, а со цел како би се овозможило подобрување на условите за работа во Основниот суд Битола.

Потребно е поставување на уште една врата на влезот, бидејќи една лизгачка врата е поставена, но објектот е со дупла врата, а внатрешната врата е доста оштетена, па кога се отвара лизгачката врата (на осум часа дневно) има голема загуба на топлина.

Исто така, потребно е реновирање на архивските простории. Во 2023 година, се реновираше дел од архивата. Се поставиле нови сталажи и набавени се нови метални ормари. Меѓутоа, потребно е да се реновира уште

една просторија во која има дрвени сталажи и кои  во добар дел се преоптоварени и со тоа се загрозува безбедноста.

Судската зграда има пристап за лица со попреченост и во судот има лифт.

Основниот суд Битола има назначено лице за односи со јавност-судија и информацијата е објавена на веб страницата на судот.

**Основен суд Прилеп**

Основниот суд во Прилеп е основан за подрачјето на општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани.

Согласно одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година на Судскиот совет на РСМ,  потребниот број на судиски места во Основен суд Прилеп треба да изнесува 18 (осумнаесет) судии.  Во периодот на посетата  судии во Основен суд Прилеп судиската функција ја извршуваа 4 (четири) судии, а 5 (пет) судии се времено упатени во овој суд на период од  една година.

Судската служба на судот брои 69 (шеесет и девет) вработени а во месец ноември  претстои пензионирање на уште еден вработен во судот.

Нови вработувања  се потребни посебно за стручни судски службеници (помлади судски соработници и судски соработници).

Ова посебно е потребно тргнувајќи од фактот дека само  во 2024 година во судот ќе бидат пензионирани 3 (три) стручни судски службеници, а и во наредните години континуирано судот ќе има одлив на ваков високостручен кадар кој е клучен за работата на судската администрација, односно судска служба која перманентно дава стручна поддршка во работата на судиите.

Судот има потреба од капитални инвестиции за реновирање на

тоалетите  во судот, замена на дел од дотраените дрвени прозорци на судската зграда, уредување на дел од руинираниот пристап до судот со поставување на бекатон плочки, инсталација на фотоволтаични панели заради заштеда на електрична енергија и континуирано обновување на информатичката опрема.

Најголеми проблеми во врска со одржувањето на судската зграда се дел од дотраените тоалети, уредувањето и одржувањето на дел од околниот пристап до судот кој е руиниран и високите трошоци за електрична енергија

Во судската зграда постои обезбеден пристап за лицата со попреченост до приземјето на судската зграда. Лифт во судската зграда нема. Лице за односи со јавност е претседателот на судот.

**Основен суд Крушево**

Основниот суд во Крушево е основан за подрачјето на општината Крушево.

Основниот суд Крушево моментално работи со 1 (еден) делегиран судија, кој истовремено е и В.Д. Претседател на судот.

Потребни се минимум 2 (двајца) судии, иако според надлежноста на судот предвидени се да работат 3 (тројца) судии.

Моментално во судот вработени се 14 (четиринаесет) службеници, од кои 1 (еден) од вработените (сметководителот) е на определено време до месец декември 2024 година.

Од судот укажуваат дека со години наназад се бара вработување на сметководител на неопределено време, а необезбедувањето на вработување на сметководител предизвикало негативни консеквенци во поглед на работата на судот.

Имено, од судот образложуваат дека и покрај постојаните барања за вработување на сметководител и неодобрувањето на вработување,

претседателот на судот бил парично казнет зошто Судот немал вработено сметководител, со оглед на должностите кои произлегуваат од сметководствените прописи.

Понатаму, од Судот нагласуваат дека потребни се 4 нови и итни вработувања, сите предвидени во Актот за систематизација, испразнети по основ на пензионирање пред повеќе години, а се уште се непополнети.

Недостатокот на човечки ресурси се одразува во навременото и ажурно извршување на работните задачи.

Секој од вработените извршува најмалку две-три дополнителни задачи, со цел да се одговори на бараните обврски.

Намалениот број на судии се одразува на совладувањето на приливот на нови предмети. Еден судија во моментот работи кривична, граѓанска, вонпарнична материја, т.е. постапува по сите предмети.

Во врска со судската зграда, како приоритетна капитална инвестиција е да се изврши корекција или замена на застарената дограма, потоа замена на старите плочки во санитарните јазли, како и молеро-фарбарски работи во просториите на зградата и набавката на четири до пет клима уреди.

Како пречки и проблеми во одржувањето на судската зграда и реализацијата на горенаведените инвестиции се одобрувањето на финансиски средства.

Судската зграда поседува патека за пристап на лица со попреченост. Судот нема лифт. Во судот нема назначено лице за односи со јавноста, односно портпарол.

### Основен суд Охрид

Основниот суд во Охрид е основан за подрачјето на општините Охрид и Дебарца.

Основниот суд Охрид, во овој момент работи со вкупно 7 (седум) судии претседател на судот или вкупно 8 (осум) судии, а според Одлуката на Судскиот совет на РСМ, како и според согледувањата на Основниот суд Охрид кои се темелат на обемот на работата, бројот на судии треба да биде најмалку 18 (осумнаесет).

Бројот на вработени во Основниот суд Охрид во овој момент изнесува 57 (педесет и седум), а во однос на Правилникот на систематизација недостигаат 56 (педесет и шест) вработени, бидејќи Правилникот предвидува бројот на вработени да изнесува вкупно 113 (стотринаесет).

Вака намалениот број на судии и друг административен кадар предизвикува намалување на ажурноста на судот и има негативно влијание врз квалитетот на работата на судот како и врз квантитетот на решени предмети.

Во врска со судската зграда неопходно е обезбедување средства за реконструкција на кровот кој протекува на неколку места и претставува опасност од поголемо протекување на вода при врнежи.

Судската зграда поседува лифт, но нема обезбеден пристап за лица со попреченост. Во оваа насока потребно е да се напомене дека пристапот за овие лица не е проблематичен бидејќи лифтот се симнува до самото приземје. Поголем е проблемот што за лицата со попреченост нема обезбедено соодветни тоалети.

Во судот нема назначено портпарол. Ваквата функција до назначување на портпарол ја врши претседателот на судот.

**Основен суд Ресен**

Основниот суд во Ресен е основан за подрачјето на општината Ресен. Во Основниот суд во Ресен судиската функција ја вршат 3 (три) судии од кои

1(еден) е времено упатен на вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп.

Има едно непотполнето судиско место. Според Судот, за ажурно постапување по сите предмети, потребно е да има најмалку 3 (три) активни судии, бидејќи сега при услови кога еден судија е упатен времено да ја врши судиската функција во Основниот суд Прилеп, останатите двајца судии постапуваат во предмети од сите уписници, при што едниот судија истовремено ја врши и функцијата Претседател на судот.

Судот истакнува дека во овој суд судиите дежураат по 15 дена во текот на секој месец и во судот нема администратор. Исто така, не може да се формира Кривичен совет поради што се бара делегирање на судии од други судови од ова апелационо подрачје, па сето тоа влијае врз постигнатите резултати.

При ваква ситуација, судот тешко дека може да биде ажурен и да го совлада годишниот прилив на предмети. Сепак, уште подобро би било кога би било пополнето и четвртото испразнето судиско место.

Основниот суд Ресен брои 3 (три) судии и 18 (осумнаесет) вработени лица од кои 13 (тринаесет) судски службеници, 1 (еден) вработен како технички персонал по Законот за работните односи и 4 (четири) судски полицајци. По однос на бројот на потребните судиски места, во Основниот суд Ресен има потреба од пополнување на едно испразнето судиско место.

По однос на бројот на потребните вработувања на судски службеници во Основен суд Ресен има потреба од вработување на 6 (шест) судски службеници и тоа: „Судски соработник“ - 1 (еден) извршител; „Соработник во одделение за метеријално - финансиско работење - Сметководител“ - 1 (еден) извршител; „Судски референт-дактилограф“ - 2 (два) извршители; „Виш судски референт-благајник“ - 1(еден) извршител и „Помлад судски референт“ - 1(еден) извршител.

Од судот истакнуваат дека имајќи во предвид дека долги години само се намалува бројот на вработените во Основниот суд во Ресен и не се

пополнуваат испразнетите места по основ на пензионирање, како за судии така и за судска администрација, како и времено упатување на 1 (еден) судија на вршење на судиската функција во Основниот суд Прилеп, секако дека човековите ресурси имаат влијание врз целокупната работа на судот и тоа се одразува на ажурноста на судот и совладувањето на годишниот прилив на предмети.

Потребна е капитална инвестиција во врска со судската зграда и тоа изработка на енергетски ефикасна термо фасада со стиропор, глед со мрежа и абриб, за што со буџетскиот циркулар за 2025 год. се побарани средства во износ од 3.200.000 денари, пресметка со вклучен ДДВ.

Постојната фасада е уште од изградба на Основниот суд во Ресен, во 1974 година, истата е дотраена и оштетена и со нејзината промена ќе се обезбеди зачувување на топлинската енергија во зимските месеци, како и помалку користење на климатизери во летниот период со што ќе се заштедат и средства, со намалување на висината на сметките кои се плаќаат за електрична енергија.

Во последните години внатрешниот дел од судската зграда во најголем дел е реновиран, па воглавно нема проблеми и пречки со одржувањето на судската зграда и функционирањето на судот.

Судската зграда на Основен суд Ресен поседува пристап на влезот за лицата со попреченост и истите имаат пристап до првиот кат од судската зграда каде што се наоѓаат шалтерите на судската писарница, меѓутоа нема лифт со што би се овозможил пристап на овие лица до судниците кои и се наоѓаат на вториот кат од судската зграда.

Основниот суд во Ресен има назначено лице за односи со јавност, односно портпарол и истите информации се достапни како податоци на веб страницата на судот.

**Основен суд Струга**

Основниот суд во Струга е основан за подрачјето на општините Струга и Вевчани.

Основниот суд Струга брои 6 (шест) судии, а потребни се најмалку уште 8 (осум) судии. Во моментот на посетите од кои произлегува овој извештај, 2 (двајца) судии се редовно избрани судии на Основен суд Струга, 1 (еден) судија на Основен суд Охрид, кој пак, е делегиран и истовремено избран и врши функција на В.Д. Претседател на суд, како и 3 (три) судии од Основен граѓански суд Скопје кои се делегирани да постапуваат со времетраење од 1 (една) година во Основниот суд Струга, а кои судии се со работно судиско искуство под 2(две) години судиски стаж.

Бројот на потребни судии за Основен суд Струга, согласно Одлуката бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година, на Судскиот совет на Република Северна Македонија, вклучувајќи го тука и Претседателот на судот е 15 (петнаесет) судии.

Основниот суд Струга брои вкупно 55 (педесет и пет вработени), од кои 6 (шест) судии (двајца редовни и четворица судии делегирани од други судови), како и 49 (четириесет и девет) вработени во судската служба (од кои 46 - четириесет и шест вработени на неопределено работно време и 3-три вработени на определено работно време заклучно со 31.12.2024 година). Во овој момент потребни се уште најмалку 13 (тринаесет) вработувања, кои се побарани со поднесените годишни планови за вработување за 2024 и 2025 година.

Во врска со човечките ресурси најголем проблем е недостатокот на судиски кадар и недоволен број на вработени во судската служба со цел тековно и навремено вршење на работите кои произлегуваат како надлежност и обврска на судот.

Од судот предлагаат да се организира групна јавна набавка на централно ниво, со цел да се набават топлотни енергетски пумпи на електрична енергија, на кој начин трикратно би се намалиле трошоците за

загревање на судовите, а истовремено да се постави термоизолација на судските згради односно фасади од стиропор, на кој начин исто така се намалува за 1/3 потрошувачката на енергија.

Основниот суд во Струга веќе подолг период има проблем со прокиснување на покривната конструкција, поради нејзина лоша изведба на системот за одведување на водата (изведен е у-олук) и во тој дел потребна е инвестиција за санација, односно изведување на друг тип на олук-стандарден, како и промена на лифтот кој се користи повеќе од 25 години, но од неговото почетно поставување секоја година продуцира големи трошоци за одржување и пројавува чести дефекти.

Најголем проблем при одржувањето на судската зграда која е во нето корисна површина од 2500 мкв. е бројот на вработени хигиеничари, односно иако согласно систематизација се предвидени 3 (три) извршители, во овој момент е вработен 1 (еден) извршител.

Исто така, проблем е и бројот на вработени во судската полиција, каде недостасуваат уште 2 (два) вработени, но и покрај објавените огласи поради постоење на критериумот за поседување на сертификат за странски јазик, огласите пропаѓаат, односно судот не е во можност да реализира вработување.

Зградата на Основниот суд Струга поседува рампа-пристап за лица со попреченост, а исто така поседува и лифт, но на кој како што укажуваат од судот, му е потребна промена.

Основниот суд Струга има назначено лице за односи со јавност, односно портпарол-судија.

## Апелационен суд Гостивар

Апелациониот суд во Гостивар е основан за подрачјата на основните судови во Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

Согласно одлуката бр. 07-1103/1 од 04.06.2012 година на Судскиот совет на Република Македонија, судиската функција во Апелациониот суд Гостивар утврдено е да ја вршат 16 (шеснаесет) судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

Меѓутоа, Судот веќе подолг период функционира во нецелосен состав, со тоа што судиската функција во моментот на посетите од кои произлегува овој извештај, ја извршуваа 13 (тринаесет) судии вклучително со претседателот на судот кој постапува само по „КСЖ“ и „КР“ предмети, од кои 5 (пет) судии во кривична материја и 7 (седум) судии во граѓанска материја.

За успешно и ефикасно функционирање, судот има неопходна потреба за избор на двајца нови судии кои ќе постапуваат во областа на во граѓанската материја.

Согласно систематизацијата на работните места на Апелациониот суд Гостивар бр.0101-3/22 од 16.03.2022 година, предвидени се вкупно 134 (стотриесет и четири работни места) и тоа: 1 (еден) судски администратор, 10 (десет) раководни судски службеници, 58 (педесет и осум), стручни судски службеници, 46 (четириесет и шест) административно-технички судски

службеници 11 (единаесет) технички персонал и 8 (осум) судски полицајци.

Моментално пополнети се 37 (триесет и седум) работни места и тоа: 6 (шест) раководни судски службеници, 17 (седумнаесет) стручни судски службеници, 12 (дванаесет) административно - технички судски службеници и 2 (два) вработени во технички персонал.

За успешно и ефикасно функционирање на судот, неопходно има потреба за пополнување на 16 работни места и тоа: 1 (еден) „Судски администратор", 1 (еден) - „Раководител на одделение – финансиско и за материјално работење", 1(еден) - „Информатичар", 1 (еден) – лектор, 3 (три) - „Судски соработници", 2 (два) - „Референти во судска писарница", 1 (еден) „Архивар", 1(еден) - „Доставувач", 2 (два) - „Припадници на судска полиција", 2 (два) - „Хигиеничари" и 1 (еден) - „Хаусмајстор".

Апелациониот суд Гостивар во делот на човечки ресурси со моменталната состојба на вработени, работните задачи ги извршува со потешкотии и има потреба за избор на судии и нови вработувања, по однос на бројот на судии, судската служба, судската полиција и техничкиот персонал.

Од судот истакнуваат дека интересот за оптимално функционирање на судот наложува потреба од пополнување на бројот на стручните судски службеници согласно обемот на работата во судот, а со цел да се овозможи непречено функционирање на судот, стручните судски службеници имаат важен придонес во функционирањето на судот преку стручно и совесно извршување на работните задачи, примарно во врска со изработката на судските одлуки.

Непополнетоста на бројот на стручни судски службеници, административниот персонал, судската полиција и техничкиот персонал, преставува значителна потешкотија во функционирањето на судот, поради тоа неопходно е потребно за пополнување на испразнетите работни места.

Во делот на капиталните инвестиции судот има потреба за сопствен објект - судска зграда, од причина што Апелациониот суд Гостивар својата дејност ја извршува во 3-ти кат (поткровје) на зградата на Основен суд Гостивар, меѓутоа веќе подолг период просторните услови не задоволуваат за непречено функционирање како втор степен суд, во истата зграда освен Основен суд Гостивар сместени се и други институции кои извршуваат работи во нивна надлежност.

Апелациониот суд Гостивар се соочува со многу проблеми, меѓу кои најголем проблем е со работните простории каде што овој суд не ги исполнува ниту минималните услови за нормално функционирање, а работите се извршуваат со многу потешкотии. Судот нема доволен број на канцеларии за судиите и останатите вработени. Судот функционира само со една сала за судење која не исполнува никакви законски стандарди за функционирање како судница.

Судот поради ограничениот број на канцеларии нема посебна просторија за библиотека. Исто така, судот се соочува со голем проблем со работните простори и во делот на архивата, односно нема посебна просторија за архивата, од тие причини архивата на судот е сместена низ ходниците на судот во метални плакари каде се чуваат архивираните предмети.

Просториите каде е сместен Апелациониот суд Гостивар не поседува пристап за лицата со попреченост на движење и нема изграден лифт.

Апелациониот суд Гостивар има назначено лице за контакт за односи со јавноста – портпарол.

## Основен суд Гостивар

Во Основниот суд Гостивар во овој момент има 17 (седумнаесет судии) , односно 16 (шеснаесет судии) заедно со претседателот на судот.

Од вкупниот број судии двајца судии се делегирани и тоа еден во Основен суд Тетово, а еден во Основен суд Кичево. Согласно анализите за ефикасно постапување на Основниот суд Гостивар се потребни 20 (дваесет) судии.

Во Основниот суд Гостивар се вработени вкупно 72 (седумдесет и два) вработени вклучително со судска полиција и вработени согласно Законот за работните односи).

Приоритетни вработувања се слободните работни места од вработени кои заминале во пензија пред повеќе години како и работни места кои се трајно ослободени по друга основа, и работни места кои неодложно мора да се пополнат од причина што се задолжителни за исполнување на работните задачи на судот.

Такви приоритетни вработувања се следните: „Раководител на материјално и финансиско работење“ 1 (еден) извршител, „Советник - информатичар“ - 1 (еден) извршител, „Советник за односи со јавноста“ - 1 (еден) извршител, „Хигиеничар“ - 2 (два) извршители, „Судски референт-дактилограф“ - 8 (осум) извршители, „Припадник на судска полиција“ - 2 (два) извршители, „Судски референт - извршител во писарница“ - 10 (десет) извршители; „Судски соработник - преведувач од турски јазик“ -1(еден) извршител и „Стручен судски соработник“ - 3 (три) извршители.

Раководител на одделение за материјално-финансиско работење е исклучително приоритетно и итно вработување за Основен суд Гостивар кое што го судот бара втора година по ред.

Потребата од тоа е што во тој дел на работењето на Основен суд Гостивар има само еден референт кој ги изготвува сите работни обврски поврзани со сметководство, благајна, материјално-финансиско работење, исто така ги изготвува завршните сметки и слични работи кои се на дневна, неделна, месечна и годишна основа од работата.

Исто така од причини што во Основен суд Гостивар мора да има најмалку двајца вработени од причина што согласно законските прописи од областа на

материјално - финансиско работење не смее еден ист судски службеник да ги изготвува фактурите и да врши плаќања, па поради тоа неопходно и најприоритетно е одобрување за работното место Раководител на одделение за материјално- финансиско работење, преку вработување за 2025 година.

Исто така, потребно е вработување на советник информатичар од причини што дигитализацијата на институциите е се поактивна и има големи потреби од одржување на компјутерите и серверите како и дополнителната опрема во вид на камери, принтери, скенери и слично.

Понатаму, советник - за односи со јавноста со редовната работа на судот е утврдена неопходна потреба за исполнување на ова работно место од причини што за судот мора да постои определено лице кои ќе има работни задачи од областа на оваа проблематика затоа што од работата со повеќе од 40.000 предмети на годишно ниво произлегува особена потреба за исполнување на работната позиција.

Судски референт - дактилограф е работно место со кое судот има особени потешкотии во исполнувањето на работните основни потреби, од причина што судот има само 9 (девет) дактилографи а 14 (четиринаесет) судии. Самиот број укажува на секојдневни тешкотии и неможност за остварување на работните потреби на судот.

Исто така, судот има испразнети работни места за припадници на судската полиција. Позициите се испразнети поради редовно пензионирање, а не се пополнети веќе петта година по ред  и судот функционира со 5 (пет) припадници на судската полиција.

Од наредната 2025 година судот  останува веќе со еден вработен хигиеничар кој што не може да постигне да ја одржува хигиената во судот. Во овој момент судот има само две вработени со кои што не е физички возможно да се постигне ниво на хигиена во зградата на судот. Од судот нагласуваат дека овие работни места мора да бидат пополнети од елементарни причини.

Исто така, референти за судот се базична потреба за исполнување на работните потреби. Судот до крајот на оваа година поради истекување на

договорите за вработување со определено време ќе остане без 11(единаесет) референти.

Вработувањето на судски соработници, исто така, е основна потреба за работата на судот и судот бара да се овозможат овие вработувања за 3 (три) стручни соработници и 1 (еден) преведувач од турски на македонски јазик и обратно.

Што се однесува до унапредувањата во Основен суд Гостивар, од судот потенцираат дека е создадена сериозна потреба за неодложно унапредување на повеќе од вработените кои веќе долго време ги исполнуваат сите услови за унапредување.

Исто така, Судот напоменува дека повеќе од десет години нема овозможени унапредувања на вработените што предизвикува огромен недостаток во работењето и недостаток на мотивација кај вработените. Од тие причини се бараат по десет унапредувања за референтите и стручните соработници.

Воедно, во судот потребни се раководители на Кривичен и Граѓански оддел. Истите се непополнети и неопходни работни позиции преку кои се овозможува многу подобро и попрегледно извршување на работните потреби.

Самостоен судски Советник и виш судски Соработник, исто така, се потребни унапредувања. Во Основниот суд Гостивар нема вработени со овие звања, а истите се предвидени со систематизацијата и се потребни за работењето на судот.

Во годишниот план за вработување и унапредување во ОС Гостивар во 2025 година најнеопходно по приоритет се предвидува екипираност на судот со нови вработувања и преку потребни унапредувања и тоа со пополнување на непополнетите и испразнетите работни места заради максимално ангажирање на судот со сите вработени-судиите, стручниот кадар и административно - техничкиот персонал, ажурно, ефикасно и квалитетно да ја извршува судската функција во рамките на своите надлежности и можности, согласно актот за систематизација на работните места.

Во однос на капиталните инвестиции, Основниот суд Гостивар предвидува комплетно реновирање на функционалноста на електричната инсталација која

е застарена и датира од седумдесетите години на минатиот век и веќе претставува реална опасност од пожар и слични непогоди.

Од судот образложуваат дека во комуникација со стручни лица од областа на електричните инсталации и струјата, проект за целосна замена на електричната инсталација би чинел околу 600.000 денари и инвестиција од околу 5.000.000 денари за материјал и изведба на овој компилициран зафат. Истите средства се внесени во буџетскиот циркулар и за истите судот бара да се одобрат затоа што има реална опасност од предизвикување на пожар и опасност по имотот, животот и здравјето на луѓето.

На категоријата 480 - „Купување на опрема и машини“, судот има предвидено докомплетирање на видео надзорот по скалишниот простор во зградата на судот, како и на придружната опрема и инсталирање на истите.

На категорија 482 - Купување на мебел се работи за предвидена набавка на фотелји и столици за опремување на судските кабинети и судниците во судот.

Со оглед на тоа дека во судниците луѓето стојат, судот бара да се одобри оваа набавка, а воедно истите ги бара да се одобрат од сопствените средства на Основниот суд Гостивар.

Во Основниот суд Гостивар има пристап за лицата со попреченост, меѓутоа немаме лифт.

Во Основниот суд Гостивар портпаролот е назначен од редот на судиите па од тие причини со оглед на надлежноста, судот смета и нагласува дека треба да се пополни работно место портпарол на судот.

## Основен суд Тетово

Основен суд во Тетово е основан за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце.

Во Основниот суд Тетово постапуваат 15 (петнаесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на Судот.

Еден судија од Основниот суд Тетово е избран за член на Судскиот совет на РСМ, додека со Решение на Судскиот совет на РСМ, судија на Основниот суд Гостивар времено е упатена за вршење на судиската функција во Основниот суд Тетово за период од една година.

Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Тетово предвидено е да постапуваат вкупно 26 (дваесет и шест) судии. Судот потенцира дека заклучно со месец април 2025 година, бројот на судии ќе се намали за уште 3 (три) судии, бидејќи истите ќе исполнат услови за старосна пензија.

Во Основниот суд Тетово во редовен работен однос се 111 (сто и единаесет) лица, како и 14 (четирнаесет) лица кои се вработени на определено време.

Оваа бројка ни од далеку не ги задоволува потребите на Судот, бидејќи постоечката систематизација предвидува 245 (двеста четириесет и пет). Основниот суд Тетово нагласува дека има неопходна потреба од најмалку 30 (триесет) нови вработувања, пред се стручни судски службеници, преведувачи и дактилографи, но и вработени од други профили: хигиеничари (сега хигиената ја одржуваат само 3 хигиеничарки) и доставувачи. Судот смета дека приоритет треба да се даде токму на доставувачите за да се намалат трошоците на поштенски услуги.

Како приоритетни капитални инвестиции, Судот истакнува дека потребно да бидат заменети сите прозори во судската зграда, бидејќи истите се стари и дотраени, како и замена на парниот котел, радијаторите и инсталацијата на парното греење.

Во таа смисла, можеби може да се размислува во насока на замена на видот на горивото со кое се загрева судот, па наместо екстра лесно масло за горење, кое многу ја загадува средината, да се инсталира парен котел кој ќе користи гас како енергенс.

Исто така, потребно е да се изврши замена на комплетната електрична инсталација, со оглед на тоа што истата е поставена многу одамна и воопшто не одговара на електричните уреди во Судот (компјутери, печатачи, модеми,

климатизери и сл.) кои се поврзуваат со продолжни кабли кои го зголемуваат ризикот од пожар.

Задно со електричната инсталација, потребно е да се изврши и замена на компјутерската мрежна инсталација, бидејќи истата е сосема амортизирана. Од причина што целокупната судска архива. која се наоѓа во подрумските простории е со дрвени рафтови стари повеќе од 70 години, потребно е, пред се, поради безбедност да се опреми со современи метални сталажи и нови метални шкафови.

Во Основниот суд Тетово има вградено лифт, кој највеќе го користат лицата со телесен хендикеп и попреченост, а до влезот на судската зграда поставена е и рампа за пристап на лица во инвалидски колички.

Со Годишен распоред за работа на Основниот суд Тетово, секоја година се назначува судија кој ја врши функцијата портпарол на Судот. Истовремено, во Судот функционира и канцеларија за односи со јавност каде се распоредени двајца судски службеници.

## Основен суд Дебар

Основниот суд во Дебар е основан за подрачјето на општините Дебар и Жупа. Со Одлука на Судскиот совет на РСМ, определено е во Основниот суд Дебар судската функција да ја вршат 5 (пет) судии. Моментално во судот има 3 (три) судии во која бројка е опфатен и претседателот на судот.

Судот при вршењето на судската функција се соочува со тешкотии по однос на составување на Кривичниот совет, па поради тоа потребно е пополнување на уште едно судиско место.

Од административниот дел на вработени во судот, вработени се 22 (дваесет и два) лица на неопределено време, а 2 (две) лица се вработени на определено време.

Во административниот дел на вработени, потребно е вработување на 8 (осум) вработувања од кои еден извршител судски референт за прием и

експедиција на пошта (пополнет со извршител на определено време), еден извршител хигиеничар (пополнет со извршител на определено време), еден извршител судски соработник преведувач, двајца извршители судски соработници, еден извршител судски референт дактилограф, еден извршител хаусмајстор, одржувач на парно, возач и еден извршител припадник на судска полиција.

Од капитални инвестиции судот има потреба за промена на столаријата, прозорци и врати во стариот дел на судската зграда како и прозорците во новиот дел од судската зграда. Исто така, судот има потреба од набавка на моторно возило за потребите на судот.

За влез во судот има пристапна рампа за лица со попреченост, но судот се соочува со тешкотии во случај на лица со попреченост за пристап до судниците кои се наоѓаат на првиот кат од судот бидејќи судот нема лифт.

Од судот образложуваат дека по проценка на стручно лице, потребно е да се направи лифт до првиот кат или алтернативно една од просторите на приземје да се уреди со опрема за судница. Во судот е назначено лице со јавноста.

## Основен суд Кичево

Основниот суд во Кичево е основан за подрачјето на општините: Кичево, Вранештица, Другово, Зајас, Осломеј, Пласница и Македонски Брод, со Судско одделение во Македонски Брод.

Бројот на судии во Основен суд Кичево вклучувајќи го и претседателот на судот изнесува 4 (четири) судии и во моментот има уште 4 (четири) судии делегирани од други судови.

За нормално функционирање на судот потребни се уште најмалку 6 (шест) судии.

Судот има вкупно 60 (шеесет) вработени, од кои 50 (педесет) се вработени на неопределено работно време и 10 (десет) на определено работно време, заклучно со 31.12.2024 година.

Потребни се нови вработувања за сите 10 (десет) работни места кои се на определено работно време и дополнително се потребни уште: 2 (два) „Судски преведувачи“, 3 (три) „Помлади соработници“, 2 (два) „Судски референти дактилографи“, 1 (еден) „Судски доставувач“, 1 (еден) „Хигиеничар“, 1(еден) „Хаусмајстор“ и 1(еден) „Сметководител“.

Најголемиот проблем во врска со човечките ресурси е малиот број на судии и вработени во овој суд, недавање на согласност од страна на Министерство за финансии за унапредување на судските службеници како и недавање на согласност за нови вработувања иако има испразнети работни места по основ на пензионирање или отказ, со што не се предизвикуваат дополнителни фискални импликации за нормално функционирање на судот.

Капитални инвестиции се потребни за едношалтерскиот систем, опремувањето на судската архива и опремувањето на судските кабинети.

Проблеми и пречки во врска со одржување на судската зграда и функционирањето на судот се присутни поради испразнетото работно место на хигиеничар кое не е пополнето. Од тие причини, недоволно се одржува хигиената на судската зграда.

Исто така, како проблем е присутен и необезбедениот паркинг простор за службените возила и приватните возила на вработените.

Судот Поседува пристап за лица со попреченост само за приземјето на зградата бидејќи во судот нема лифт.

Основен суд Кичево, има назначено портпарол на судот како лице за односи со јавноста.

## Апелационен суд Скопје

Апелациониот суд во Скопје е основан за подрачјата на основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.

Со Одлука бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година донесена од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија бројот на судиите на Апелациониот суд Скопје е определен на 52 (педесет и два) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Меѓутоа, во Апелациониот суд Скопје судиската функција ја извршуваат 34 (триесет и четири) судии вклучително и претседателот на судот.

Во услови кога четири години station вршителите на судската функција на Апелациониот суд Скопје ја имаат остварено и надминато нормата поставена од Судскиот совет на РСМ, а без исклучок бројот на незавршени предмети на почетокот од секоја од тие години е ист, се заклучува дека неспорна е организацијата и посветеноста во работењето, но итно и неопходно е пополнувањето на работните места на носителите на судиска функција согласно Одлуката на Судскиот совет бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година (51 (педесет и еден) судија и претседател.

Судот истакнува дека пополнувањето на овие работни места до 100% од моменталните 67,31%, ќе овозможи навремено и ажурно вршење на основната функција на Судот, а со тоа и надминување на приливот и заостатокот на предмети во Апелациониот суд во Скопје.

Во 2023 година судиската функција ја извршуваа 28 судии и првите 8 (осум) месеци од 2024 година, поминати со зголемен број, новоизбрани (осум судии), вршители на судиската функција.

Според судот, тоа е докажан пример дека квантумот и изборот на квалитетни вршители за оваа функција, со добра организација на работењето и целосно имплементирани инструменти за движење на предметите, е неопходен предуслов за работата на овој Суд.

Ако се земе во предвид дека движењето на судските предмети е тимски процес, од прием до архивирање, утврдените бројки на извршители од надлежните органи, Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на судска служба, потврдуваат 4,5 вработени во тимот на секој вршител на судиската функција (52 вршители на судиска функција и 230 вработени во судска служба).

Во моментов, во Апелациониот суд Скопје има пополнетост од само 49,57% на работните места на вработените во судската служба, од кои извесно е заминувањето на 8-мина од вкупно 39 (триесет и девет) вработени од категоријата на стручни судски службеници.

Од овие причини, постојаниот одлив на службениците, неуспешниот прилив на соодветни стручни кадри како информатичари, евентуален, долгоочекуван, избор на нови вршители на судиската функција, наметнува потреба од итно вработување на 10 (десет) до 12 (дванаесет) судски службеници кои би вршеле стручни работи, потоа 3 (три) до 5 (пет) судски службеници кои би вршеле помошно стручни судски работи и 3 (три) припадници на судска полиција кои би се грижеле за безбедноста на вработените и имотот на зградата на Апелациониот суд во Скопје.

Оваа бројка е променлива и тесно зависна од бројот на вршители на судиската функција. Како би се зголемувал бројот на вршителите на судиската функција би се зголемувал и бројот на вработените во поддршка на носителите на судиска функција.

Апелациониот суд Скопје е сместен во таканаречената зграда „Судска

палата“. Станува збор за прво изграден објект во опкружувањето. Изградена во 60-тите години од минатиот век, зградата постојано има потреба од екстериерни и ентериерни реконструкции, адаптации и реновирања.

Судот образложува дека последните години преземени се низа капитални зафати, имплементирани се низа проекти, исплатени од буџетски но и од сопствени средства, но земајќи во предвид дека перцепцијата за опкружувањето во голема мера го формира мислењето на корисниците, а за вработените е клучно од безбедносен, но и ефективен аспект во извршувањето на дневните задачи, следните зафати се ценат за неопходни и приоритетни:

1) Реконструкција на систем за топловодна инсталација-радијаторско греење (централно греење), вкупен износ од 28.450.000, денари, од кои: 27.750.000 денари за реконструкција и 700.000 денари за стручен надзор;

2) Реконструкција заради замена на фасадна браварија - надворешни прозорци со надзор, вкупен износ од 30.700.000, денари, од кои 30.000.000 денари за реконструкција и 700.000 денари за стручен надзор.

За проектите реконструкција на систем за топловодна инсталација - радијаторско греење (централно греење) и реконструкција заради замена на фасадна браварија - надворешни прозорци, од судот посочуваат дека Апелациониот суд во Скопје има добиено одобрение за градење од Министерството за транспорт и врски, со рок на реализација.

Со одобрувањето на планираните средства, Апелациониот суд во Скопје веднаш би пристапил кон реализација на овие проекти, чија цел е зголемување на енергетската и топлинската ефикасност на зградата на Апелациониот суд во Скопје, со ефект во намалената потрошувачка на електрична и топлинска енергија;

3) Изработка на проект со реконструкција на архивски простор со надзор, вкупен износ од 10.300.000 денари, од кои 10.000.000 денари за реконструкција со изработка на проект и 300.000 денари за надзор.

Со обезбедувањето на планираните средства и реализацијата на овој проект, би се постигнале посакуваните ефекти во заштитата на трајната архивска граѓа која произлегува од работата на судот.

Моменталните простории во кои се чуваат архивската граѓа датираат од периодот на изградбата на зградата на судот и влагата и дотраеноста на опремата во истите создава ризик од оштетување или уништување.

4) Изработка на проект со набавка и монтажа на фотоволтаици вкупен износ од 9.600.000 денари, од кои 9.300.000 денари за набавка и монтажа и 300.000 денари изработка на проект со ревизија. Со обезбедувањето на планираните средства и реализацијата на овој проект, би се постигнале долгорочни ефекти во заштедата на електрична и топлинска енергија.

5) Изработка на проект со изведба на систем за противпожарна заштита, вкупен износ од 40.600.000 денари, од кои 40.000.000 денари изведба на систем и 600.000 денари за изработка на проект со ревизија. Со обезбедувањето на планираните средства и реализацијата на овој проект, би се постигнала поголема безбедност и заштита на вработените и странките во Апелациониот суд во Скопје. Овие активности се обврски на правните лица, согласно регулативата во Република Македонија.

6) Изработка на проект со поставување на лифт, вкупен износ од 6.300.000 денари, од кои изработка на проект со ревизија, износ од 300.000 денари и поставување на лифт, износ од 6.000.000 денари.

Со обезбедувањето на планираните средства и реализацијата на овој проект, Апелациониот суд во Скопје би ги исполнил обврските од регулативата која предвидува правните лица да обезбедат пристап на лицата со попреченост. Исто така, би се олеснило пренесувањето на предметите од писарниците до судниците и обратно.

7) Изработка на проект со санација на лимена кровна конструкција со олуци, вкупен износ од 10.300.000 денари. Со обезбедувањето на

планираните средства и реализацијата на овој проект, би се обезбедила долгорочна заштита на зградата на Апелациониот суд во Скопје, од надворешни влијанија.

Во текот на месец март, поради временски неприлики, настана оштетување на кровот кој беше времено саниран заради безбедноста на луѓето и имотот и во рамки на обезбедените средства, така да се наметнува потребата од целосна поправка на кровната конструкција.;

8) Дигитализација на трајна архива на судот вкупен износ од 2.000.000 денари. Согласно стратешките цели на Република Северна Македонија, за целосна дигитализација на административното работење и воведување на електронски услуги, кои се разработени со разни програмски активности за дигитализација на канцелариското и архивското работење, следејќи го чекорот кон целосна дигитализација на органите на државната власт, Апелациониот суд покрај реконструкцијата на архивските простории планира и дигитализација на трајната граѓа со што долгорочно се елиминира можноста од оштетување или уништување на трајната граѓа.

9) Уредување на внатрешни простории (молерисување, полирање на мермер, одржување или замена на подови, реконструкција на простории, набавка и поставување вариолајт завеси, набавка и замена на внатрешни врати и сл), во вкупен износ од 29.000.000 денари, од кои: уредување на канцеларија за односи со јавност износ од 5.000.000 денари; уредување на кабинети, износ од 2.000.000 денари; реконструкција на просторија за менаџирање на ризик и физичка безбедност, износ од 1.000.00 денари, набавка и поставување на ормари за судска полиција, износ од 1.000.00 денари; набавка  на внатрешни врати, износ од 4.000.000 денари; набавка и поставување на вариолајт завеси, износ од 4.000.000 денари и молерисување, полирање на мермер, одржување или замена на подови, износ од 12. 000.00 денари;

8) Набавка на опрема, во вкупен износ од 27.550.000 денари, од кои скенер за багаж, во износ од 2.500.000 денари; информатичка и видео опрема,

во износ од 15.050.000 денари; за греење и климатизација во износ од 3.000.000, денари и канцелариска опрема, износ од 7.000.000 денари.;

9) Зголемување на библиотечен фонд, набавка на опрема и реновирање на библиотеката на Судот, вкупен износ од 2.000.000 денари. Овој дел од институцијата кој е единствен во судството на РСМ побарува реконструкција на просторот со цел опслужување на поголем број на корисници кои би можеле непречено да го користат опсежниот библиотечен стручно организиран фонд на литература, но и пребарувањата преку пристап до фондовите на други библиотеки во соседните градови и држави преку COBISS-системот, кој го користи НУБ „Св. Климент Охридски“, кој од своја страна пак овозможува влез во податоците на сите библиотеки кои се сегмент од истиот, а пак кои оваа библиотека, во судството на РСМ, единствено ги обезбедува.

Од сето погоре наведено, а заради обезбедување на енергетска ефикасност, заштита на трајната граѓа и исполнување на основните функции за извршување на надлежностите на Апелациониот суд во Скопје (просторни услови и опрема), потребни е да се преземат активности за обезбедување на средства во износ од 194.800.000 денари.

Со Годишниот распоред за работа на судските совети на Апелациониот суд Скопје, согласно член 97 став 1 од Законот за судовите, определени се одговорни лица за односи со јавноста - судии како за граѓанска, така и кривична материја.

Во Судот согласно член 97 став 2 од Законот за судовите и Судскиот деловник, формирана е и функционира Канцеларија за односи со јавноста, каде е вработено лице судски службеник - соработник за односи со јавноста. Исто така со договор за дело е ангажиран портпарол новинар.

## Основен суд Велес

Основен суд во Велес е основан за подрачјето на општините Велес, Градско и Чашка.

Во Основниот суд Велес, според последната Одлука на Судски совет на РСМ предвидени се 18 (осумнаесет) судиски места, а моментално во судот судската функција ја вршат 12 (дванаесет) судии, од кои еден е В.Д. претседателот на судот.

Поради наведеното се јавува потреба од за избор на уште 4 (четири) судии во судот, заради обемот на работа и постигнување на ажурноста во работењето.

Ова особено заради фактот што во тековната 2024 година двајца судии еден од кривичен и еден од граѓански оддел беа избрани за судии во Апелациониот суд Скопје, па бројот на судии се намали на 12 (дванаесет), а предметите по кои тие постапуваа беа распределени на останатите судии од кривичен и граѓански оддел, како и од причина што 6 (шест) судии во судот се на возраст над 60 години и истите во наредните 2 до 4 години ќе исполнат услови за пензија.

Во однос на бројот на вработени и потребниот број на вработувања, во Основен суд Велес со Правилникот за систематизација се предвидени 116( сто шеснаесет) работни места, а моментално се вработени 49 (четириесет и девет) на неопределено време и 4 (четири) на определено време, односно половина од предвидениот број на работни места.

Во однос на состојбата со вработените во судот даден е предлог за вработување на стручни соработници, како би се овозможило секој судија да има по еден стручен соработник, имајќи во предвид дека во моментот секој судија нема стручен соработник и дека еден стручен соработник е распореден да работи со двајца судии.

Со Правилникот за систематизација се предвидени работни места за 18 (осумнаесет) стручни судски службеници, а во судот има само 11 (единаесет) од таа категорија на вработени.

Во однос на останатите вработени од категоријата помошно - технички службеници, во судот и покрај тоа што со Годишниот план за 2024 година се одобрени 8 (осум) вработувања, потребно е пополнување на работни места особено за дактилографи од причина што една дактилографка е повеќе од 1 година на боледување, а и заради фактот што поголемиот број на дактилографи се повозрасни.

Судот укажува дека најголем проблем во делот на дактилографите претставува честото користење на боледување, со оглед на нивната возраст и здравствената состојба, па во таква состојба се доведува во прашање ажурноста на постапувањето на судиите, заради тоа што еден дактилограф се ангажира да работи со двајца судии.

Реално сегашниот број на дактилографи (12, од кои еден дактилограф отустен повеќе од година дена) не е доволен за да може нормално и непречено да се одвиваат сите работи поврзани со постапувањето на судиите, околу судењата и сите останати административни работи, а со Правилникот за систематизација е предвидено да има 18 (осумнаесет) дактилографи. Исто така, во судот нема информатичар, а пополнувањето на ова работното место е предвидено со Годишниот план за 2025 година.

Во однос на вршењето на сметководствените и благајничките работи во судот, истите ги извршува еден судски службеник - сметководител, поради што е неопходно потребно во најкраток рок вработување на благајник како би можело навремено да се исполнуваат сите работни обврски во сметководство. Работното место е предвидено со Правилникот за систематизација на работни места.

Во однос на капиталните инвестиции, во судската зграда е потребно молерисување како на судниците, така и на останатите канцеларии. Потребно е обновување на мебелот, набавка на печатари и клима уредите, кои се веќе амортизирани и не се во добра состојба, од причина што дел од клима уредите се набавени 2002 година и по толку години користење веќе не се во функција.

Во судската зграда има обезбедено посебна просторија за притворените лица, која се користи кога се доведуваат лица од притвор или од затвор за присуство на претреси и истите се доведуваат преку главниот влез на судот, па во одредени ситуации кога има поголемо полициско обезбедување, истото доведува до непријатност за странките и другите учесници во постапката кои се наоѓаат во судската зграда.

Од тие причини, поради што судот има потреба од адаптација на друга просторија која се наоѓа кај споредниот влез на судот и која ќе овозможи доведувањето на притворениците, осомничените и обвинетите преку спореден влез.

За таа цел се потребни финансиски средства за адаптација на таа просторија и обезбедување на простор до истата за припадниците на полиција која врши обезбедување, како и потреба од набавка на безбедносна врата.

Потребата од адаптација на просторијата во најкраток рок се јавува и како резултат на промената на сообраќајниот режим за возила по улицата „8 Септември“ во Велес, која се предвидува да биде затворена, освен за возила на градскиот јавен превоз, а каде досега се паркираа возилата со кои беа доведувани притворениците и осомничените.

Сообраќајот ќе биде пренасочен на улицата „Гоце Делчев“, која се наоѓа кај споредниот влез на судот, па со адаптација на просторијата ќе се овозможи непречено паркирање на овие возила и спроведувањето на лицата преку споредниот влез на судот.

Фасадата на судот е реновирана во 2007 година, но дел е оштетена поради што е потребно повторно реновирање, па од страна на судот ќе се направи проект и ќе се предвидат потребните средства за реновирање на фасадата кои ќе се бараат од Судскиот буџетски совет.

Во однос на судската полиција еден судски полицаец нема униформа, а на останатите 7 (седум) судски полицајци, вклучувајќи го и Командирот на судска полиција, треба да им се обноват униформите и обувките, согласно

Уредбата за времетраење на облеката и обувките на припадниците на судска полиција.

На судиите им беа обезбедени тоги во 1996 година и од тогаш до денес истите не се сменети и покрај тоа што веќе не се употребливи, а ниту за новоизбраните судии не се обезбедени тоги, поради што е потребно за сите судии да се обезбедат тоги.

Во однос на проблемите и пречките на одржувањето на судската зграда и за функционирањето на судот е немањето и необезбедувањето на финансиски средства за нормално и непречено функционирање на судот, како во однос на вработувањата, така и во однос на потребата од капитални инвестиции.

Во судската зграда има обезбеден пристап за лица со попреченост, односно монтиран лифт во судската зграда, како и направен пат пред судската зграда со која се овозможува пристап до зградата и во нејзината внатрешност.

Со Годишниот распоред за работа на Основен суд Велес е определен судија како портпарол на судот, заради давање на информации со цел отворено и објективно информирање на јавноста за работата на судот.

## Основен суд Гевгелија

Основен суд во Гевгелија за подрачјето на општините: Гевгелија, Богданци, Дојран и Валандово, со Судско одделение во Валандово.

Во Основниот суд Гевгелија со Судско одделение во Валандово, судиската функција ја извршуваат 8 (осум) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Со Одлука бр.02-2114/1 од 01.12.20215 година на Судскиот совет на РСМ (објавена во Сл.весник на РМ бр.213/2015), утврдено е дека судиската функција ќе ја извршуваат 13 (тринаесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во моментот, во судот вработени се: 33 (триесет и три) судски службеници, 5 (пет) припадници на судска полиција и 2 (два) вработени согласно Законот за работните односи.

Согласно Годишниот план за вработување на Основен суд Гевгелија за 2024 година побарани се 3 (три) нови вработувања на неопределено време, а со Годишниот план за вработување за 2025 година планирани се 12 (дванаесет) вработувања на неопределено време.

Основниот суд Гевгелија се соочува со недостаток на човечки ресурси имајќи го во предвид природниот одлив по основ на пензионирање како на судии така и на судски службеници.

Исто така, имајќи го предвид обемот на работа на судот како суд со проширена надлежност согласно Законот за судовите, како и намалениот број на вработени со кој се соочува судот вработените вложуваат дополнителни напори за извршување на своите работи задачи.

Оттука, неопходна е потребата од пополнување на судиските места согласно Одлуката за утврдување на бројот на судии како и пополнувањата на работните места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Гевгелија со Судско одделение во Валандово (Пречистен текст) СУ.04.бр.49/22 од 11.08.2022 година.

Заради енергетска ефикасност на судската зграда во насока на штедење на енергија неопходно е потребна промена на фасадата на судот која датира од 70-те години од минатиот век, со поставување нова термоизолациона фасада, промена на надворешните прозорци, поради дотраеност промена на внатрешните врати, електричината инсталација, обновување на мебелот заради подобрување на просторните услови за работа на вработените, осовременување на просторот и инвентарот за соодветно чување на архивската граѓа согласно законските прописи и друго.

Во врска со одржувањето на судската зграда неопходно е вработување на хаусмајстор, хигиеничарки како и комплетирање на судската полиција согласно Правилникот за систематизација на работните места во Основниот суд Гевгелија со Судско одделение во Валандово.

Основниот суд Гевгелија поседува пристап за лицата со попреченост додека лифт нема.

Во Основниот суд Гевгелија е назначено лице за односи со јавноста и информацијата за назначеното лице е објавена на веб страницата на судот.

## Основен суд Кавадарци

Основен суд во Кавадарци е основан за подрачјето на општините Кавадарци и Росоман.

Во Основниот Суд Кавадарци во моментот судиската функција ја извршуваат вкупно 6 (шест) судии, од кои еден е помлад судија која нема наполнето две години судиски стаж и не може да постапува во предмети од надлежноста на суд со проширена надлежност.

Согласно донесената Одлука на Судскиот Совет на РСМ предвидени се вкупно 10 (десет) судии да ја извршуваат судиската функција.

Од тие причини судот се соочува со проблем да формира совети и тоа посебно во кривичната областа во совет од петмина па на неколку пати предметите се пренесени на надлежност на друг суд.

Затоа, според проценката на Судот, потребни се барем 9 (девет) судии кои што би ја извршувале судиската функција со цел судот нормално да функционира, да може барем во некој дел да направиме специјализација на судиите затоа што сега судиите постапуваат во сите области.

Во Основен Суд Кавадарци има вкупно 42 (четириесет и два) вработени лица - судска администрација. Според потребите и известувањето на судот, потребни се уште минимум 12 (дванаесет) вработени лица, како би можел судот да функционира непречено.

При тоа се напоменува дека во моментот 9 (девет) лица работат, но со договори за работа на определено време, а на кои договорите им истекуваат на 31.12.2024 година.

Најголемиот проблем со кој се соочува судот е малиот број на судии и недостатокот од најмалку тројца судии. Потребни се уште најмалку тројца стручни соработници, тројца дактилографи и еден хигиеничар.

Исто така, потребни се најмалку двајца доставувачи (затоа што во текот на 2024 година двајца се заминати во пензија), а имајќи ја во предвид и старосната структура на вработените водители-уписничари, потребни ни се уште најмалку две лица на овие работни места.

Зградата во која судот е сместен е многу стара зграда, изградена во 1920 година и која во текот на овие 100 години и повеќе, повеќе пати е адаптирана, воедно и од претходните субјекти кои што во истата извршувале дејност.

Основниот Суд Кавадарци е сместен во истата зграда од месец јули 1995 година.

Од тогаш се изведени повеќе реновирања и адаптирања, но најголем проблем кој што во моментот треба итно да се санира е изведување на внатрешна хидроизолација ка подрумските простории, а се со цел правилно чување на архивата, а согласно сите стандарди (Судот информира  дека пред неколку години е изведена надворешна хидроизолација која дал резултати, па влагата е намалена), обнова на тоалетите во подрумот и на двата ката, изведување на нова кровна конструкција со лим и поставување на олуци на зградата затоа што стариот кров прокиснува.

Потребна е изведба на фасадата на зградата со цел заштита и зацврстување на старата зграда која што ќе значи и термо изолација на зградата, обновување на судските ходници, поставување на фотоволтаичен систем за соларна енергија, староста на внатрешниот дел од инсталацијата за парно која во сите простории не работи на идентичен начин, но од друга страна потребно е вложување во обезбедување на систем за непречено тонско снимање на судските рочишта, затоа што истото не функционира во сите судници туку само во една.

Потребно е обезбедување на фотокопир, печатари (принтери), но и нова телефонска централа, затоа што старата не функционира, потоа набавка на метални ормари за чување на архива. Впрочем, ова е и препорака добиена и од Државниот Архив на Република Северна Македонија.

Исто така потребна е и набавка на автоматски рампи за влез и излез од дворот на судот.

Староста на објектот во кој што е сместен судот, сам по себе предизвикува повеќе проблеми за одржување на зградата. Самиот распоред на просториите на судот не е функционален и треба негово пренаменување, и на Судот итно му е потребна уште една судница за нормално и достоинствено вршење на судиската функција и тоа на начин што ќе се пренамени една од постоечките простории или да се догради нов дел кој што ќе даде подобра можност за работа.

Зградата воопшто не е оспособена за пристап на лицата со попреченост, иако е изведена пристапна патека до влезот (главната врата) на судот. Но, оваа пристапна патека не дава можност воопшто лице со попреченост да влезе внатре во судот и се остава непријатен впечаток лице со попреченост кое што треба да присуствува на рочиште е помогнато од други лица, кое истото го сместуваат во столица, што исто така говори за непристапноста до судот.

Основниот суд Кавадарци цени дека овој проблем може да биде решен само со изведување на надворешен лифт и тоа од јужната страна на зградата

од постоечкиот паркинг и спојување на надворешниот лифт со постоечката зграда. Судот смета дека оваа инвестиција треба да има приоритет.

Основниот Суд Кавадарци има назначено лице за односи со јавноста.

Основниот Суд Кавадарци ја изразува својата особена почит и благодарност за пројавениот интерес на Врховниот суд на Република Северна Македонија за проблемите со кои се соочува судот во извршувањето на работата и заложбите за надминување на проблемите од законски, финансиски и функционален аспект во целокупното домашно судство.

## Основен суд Кратово

Основниот суд во Кратово е основан за подрачјето на општината Кратово.

Во Основниот суд Кратово во моментот од предвидените 3 (три) судиски места пополнети се 2 (две) места, од кои пак еден судија е избран како судија од Основен суд Куманово да ја врши функцијата претседател на судот.

Судот известува дека за нормално функционирање на судот потребни се вкупно тројца судии. Основниот суд Кратово во моментот има вкупно 13 (тринаесет) вработени во судската служба на неопределено време и 7(седум) вработени на определено време до 31.12.2024 година.

Потребни се 10 (десет) нови вработувања во судот бидејќи во претходниот период од 3 години истите работни места се испразнети по основ на пензионирање и не е дозволено нивно пополнување од страна на Судски буџетски совет.

Имајќи во предвид дека во моментот само еден судија е избран во Основен суд Кратово да ја врши функцијата судија, потребно е да се пополнат и останатите 2 предвидени места за судии, а како би можело навремено да се постапува по судските предмети, имајќи во предвид дека судиите во овој суд постапуваат по предмети од сите области.

Од друга страна, пак, претседателот на судот е избран од друг суд за да ја извршува оваа функција, а кој пак покрај како судија ги извршува и работните обврски од судската управа кои што ги има како претседател на судот, бидејќи во овој суд нема судски администратор, што претставува дополнителен проблем и преоптоварување со работни обврски.

Со завршувањето на 2023 година судот остана само со 13 (тринаесет) вработени во судската служба од кои само 8 (осум) се судски службеници кои се вработени на неопределено време, а другите се 4 (четири) судски полицајци и 1 (еден) хигиеничар.

Судот образложува дека од овие 8 (осум) судски службеници во 2024 година уште еден судски службеник со звање самостоен референт-сметководител ги исполнува условите за старосна пензија, со што ситуацијата со човечки ресурси во судот ќе биде алармантна и ќе нема судски службеници кои ќе можат да ги извршуваат тековните работни обврски.

Ова особено ако се има во предвид дека од вработените 8 судски службеници 1 (еден) е судски доставувач, 1 (еден) е благајник кој е во исто време и возач и му се доделени дополнителни работни обврски, 1 (еден) е сметководител на кој од неопходни причини за да функционира извршувањето на прекршочните санкции му се распоредени овие извршни прекршочни предмети и 1 (еден) е иформатичар.

Оттука, според податоците на кои укажува судот, остануваат само 4 (четири) судски службеници кои се поврзани директно со постапувањето во судските предмети и тоа само 1 (еден) стручен судски службеник, 1 (еден) дактилограф и двајца самостојни судски референти во граѓанско и кривично одделение.

Овој факт е загрижувачки и ваквата состојба не може да опстои на подолг рок и ќе дојде до застој во работата по судските предмети и блокирање на целиот суд поради недостиг на работници односно доволно човечки ресурси.

Имајќи во предвид дека во 2024 година се дозволија 7 (седум) вработувања на определено време до 31.12,2024 година, па поради ова се

пополнија 7 (седум) работни места предвидени за судски службеници, меѓутоа овие вработувања се на определено време и не го решаваат постојаниот проблем со недостатокот на вработени и потребно е истите да бидат вработени на неопределено време.

Со цел нормално функционирање на судот, потребниот минимален број на нови вработувања е 10 (десет) судски службеници, за да може Судот нормално да функционира и да ги извршува работните обврски ефикасно и навремено.

Основниот суд во Кратово истакнува дека заради подобрување на просторните услови во судот потребно е извршување на следните работи:

Замена на внатрешните врати - Замената на внатрешните врати е потребна од причина што истите се стари и дотраени, нефункционални, немаат звучна и топлотна изолација, при одржување на судењата се слушаат разговорите од ходникот пред салите за судење и пред судските канцеларии, што претставува проблем за нормално одржување на судските рочишта од страна на судиите и судските службеници, а во зимскиот период се губи топлината од судските простории, па при замената со нови врати овие проблеми ќе бидат надминати.

Набавка и инсталација на фотоволтаични панели - Основниот суд Кратово, веќе неколку години наназад се соочува со проблеми од аспект на висината на одобрените финансиски средства при распределбата на годишните буџети за секој суд поединечно, а на ставката 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт судот има најмногу расходи од причина што затоплувањето на просториите во судската зграда е на парно греење кое што е на електрична енергија, што во текот на грејната сезона во зимските месеци предизвикува многу поголема потрошувачка на електрична енергија и со тоа ги зголемува сметките за електрична енергија за неколку пати.

Од друга страна пак затоплувањето на електрична енергија е еколошко и не предизвикува загадување на животната средина што пак е еден од приоритетите на денешното живеење и кон што се стремиме сите ние за здрава животна средина.

Исто така, Основниот суд Кратово ја користи електричната енергија во текот на целата година за функционирање на информатичката технологија, сервери, комунални потреби, а во летниот период дополнително и за работа на клима уредите како и сите апарати кои користат електрична енергија. Имајќи го во предвид сето ова Судот направил истражување и анализа, а со цел да се намалат трошоците за електрична енергија.

Заклучокот на Судот е дека најдобро решение би било судот да инвестира во проектирање и изведба на фотоволтаична централа односно фотоволтаични панели, за производство на електрична енергија поставена на кровни површини која што од една страна ќе биде еколошка со користење на обновлив извор на енергија, а од друга страна ќе биде финансиски исплатлива.

Поради ова Судот нагласува дека побарана е реномирана компанија која се занимава со продажба и инсталација на ваков тип на фотоволтаични централи при што врз основа на фактурите за потрошена електрична енергија за последните 6 месеци од нивна страна била доставена понуда за типот и јачината на фотоволтаична централа која би била соодветна за судот како и изработена пресметка за заштедата на електрична енергија за период од 6 месеци која што изнесува намалување од 20% на сметките за електрична енергија.

Реновирање на санитарни јазли, ходници, скали и внатрешна ограда на скали - Имајќи во предвид дека санитарните јазли се во лоша состојба бидејќи истите се од самата изградба на судската зграда односно повеќе од 50 години па потребно е да се изврши нивно реновирање со цел нормално функционирање и користење за потребата за која што служат и подобрување на условите за работа за вработените, а исто така и условите за странките кои секојдневно се присутни во судот.

Исто така, потребно е реновирање и на ходниците во зградата кои што се поставени со ламинат кој што е амортизиран и несоодветен, како и на скалите и поставената ограда од дрво и железо, а кои што се исто така амортизирани и се од самата изградба на зградата и нивниот изглед е несоодветен за една

институција како што е суд, а од друга страна и со цел нормално и соодветно одржување на хигиената во зградата.

Реновирање на електричната инсталација во судот - Потребно е итно реновирање на електричната инсталација која што е застарена и е од самата изградба на судската зграда, односно повеќе од 50 години, па имајќи во предвид дека за разлика од пред 50 години сега има значително повеќе електрични уреди кои што се приклучени на електрична енергија, а самата инсталација не може да ја издржи оваа преоптовареност и судот се соочува со постојани испади и исклучување на електричната енергија што предизвикува проблем во работата, а може да дојде и до несакани последици поради оваа состојба на електричната инсталација.

Реновирање на подрумските простории каде што е сместена судската архива - Судската архива се наоѓа во подрумските простории на судската зграда и веќе подолг временски период Судот се соочува со појавување на голема влага во овие простории, особено при поголеми врнежи, што претставува голем проблем од аспект на соодветно чување на архивскиот материјал, па поради ова потребно е да се изготви соодветен проект од стручно лице и соодветно да се реши овој проблем со судската архива.

Реновирање на кровот на судот - Потребно е да се направи реновирање на целата кровна конструкција односно кровот на судската зграда имајќи во лредвид дека истата е стара и дотраена и на неколку места протекува бидејќи е од самата изградба на судската зграда, односно повеќе од 50 години.

Со оглед на тоа дека се планира и поставување на фотоволтаици на кровната површина на судот, неопходно е претходно да се направи реновирање на кровот за да не се соочиме со проблем при поставување на фотоволтаиците.

Инсталација на нов противпожарен систем во судските простории - Имајќи во предвид дека инсталираниот систем за противпожарна заштита повеќе години е нефункционален и истиот е инсталиран само во дел од судските простории, потребно е да се направи проект за инсталирање на нов систем за противпожарна заштита во сите судски простории, со цел заштита и

навремено спречување од настанување на штета од евентуални пожари во судската зграда.

Набавка на канцелариски мебел - Оваа набавка е неопходна со цел замена на веќе амортизираниот канцелариски мебел како што се: фотељи, столчиња, маси и бироа во канцелариите и друг дотраен канцелариски мебел кој што е стар повеќе од 40 години.

Набавка на детектор врата - Оваа набавка е потребна бидејќи во судот нема детектор врата која што е потребна за зголемување на сигурноста и безбедноста на судиите и вработените во судот и сите странки кои влегуваат во судската зграда.

Набавка на патничко моторно возило во моментот е најнеопходна набавка  за нормално функционирање и извршување на работните обврски пред се од страна на претседателот на судот, бидејќи Основен суд Кратово во моментот располага со едно возило ауди 80 кое што е произведено 1979 година и истото веќе е нефункционално, дотраено, со постојани дефекти, така што мора постојано да се носи на сервис со цел да се одржува во возна состојба, а со тоа и трошоците за одржување на моторното возило се големи и истото е неисплатливо за одржување, а од друга страна е и небезбедно за патување, нема ниту клима, ниту пак парното греење е исправно. Поради ова, набавката на ново патничко моторно возило е најнеопходна и мора итно да се обезбеди.

Основен суд Кратово има една пристапна рампа на самиот влез за пристап со инвалидски колички за лицата со попреченост, а додека пак во внатрешниот дел на судската зграда нема обезбедено пристап за лицата со попреченост ниту пак во судот има лифт.

Во Основен суд Кратово со Распоредот за работа на судот има назначено лице за односи со јавноста.

## Основен суд Крива Паланка

Основен суд во Крива Паланка е основан за подрачјето на општините Крива Паланка и Ранковце.

Основниот суд Крива Паланка во моментот брои 3 (три) судии, од кои, еден судија истовремено е и претседател на судот, а еден судија од месец октомври 2023 година привремено е упатен да ја врши судиската функција во Основниот граѓански суд Скопје, така што во моментот судиската функција во овој суд ја вршат двајца судии, од кои, едниот истовремено е и претседател на судот. За непречено функционирање на овој суд се потребни 6 (шест) судии.

Основниот суд Крива Паланка во моментот има вкупно 22 (дваесет и два) вработени во судската служба, од кои: 16 (шеснаесет) се судски службеници, 4 (четири) вработени се припадници на судската полиција и 2 (двајца) хигиеничари. Освен овие 22 (дваесет и два) вработени на неопределено време во судот, во моментот има и 4 (четири) вработени на определено време заклучно до 31.12.2024 година.

За непречено и нормално функционирање на судот и извршување на тековните работи потребни се уште 12 (дванаесет) нови вработувања, кои се барани со годишните планови за вработување и тоа: 5 (пет) вработувања се барани со годишниот план за 2024 година и 7 (седум) вработувања се барани со годишниот план за вработување за 2025 година, а овие нови вработувања се барани по основ на испразнети работни места поради пензионирање.

Најголемите проблеми во врска со човековите ресурси поради намалениот број на судии и судска администрација, се тоа што, двајцата судии кои во моментот ја вршат судиската функција во овој суд, имаат преголем обем на работа и секој месец остваруваат преку 150% проценти норма за работа, а во некои месеци имаат и преку 200% остварена норма за работа, бидејќи приливот на нови предмети го делат само овие двајца судии, така што истите се приморани да судат секој работен ден, а освен тоа постапуваат, односно ги делат на автоматска распределба сите предмети од надлежност на овој суд, а претседателот на судот покрај редовните предмети постапува и во предмети од

судска управа и други предмети кои ги има во надлежност како претседател на судот.

Покрај тоа, намалениот број на вработени во судска администрација придонесува дел од вработените да мораат да извршуваат и работни задачи кои инаку не се нивна обврска, па така сметководителот во судот освен своите работни задачи, извршува и работни задачи на благајник и архивар и воедно има пристап до казнената евиденција каде внесува податоци.

Потоа, советникот информатичар издава потврди и уверенија од казнена и кривична евиденција, а стручните соработници покрај пишување на одлуки, работат и јавни набавки, средување на предмети во архива, попис на основни средства, како и изготвување на месечни извештаи од работно тело, месечни и квартални евиденции за работа на судот, посредуваат со информации од јавен карактер, а поради недоволен број водители на писарница, по потреба помагаат и извршуваат работни задачи и на судските писарници.

Припадниците на судската полиција поради немање возач во судот, управуваат со службените возила и извршуваат работни задачи на возач на судот.

За судската зграда се потребни капитални инвестиции првенствено во делот на затоплување на судската зграда, поради што, потребни се средства за изработка на проекти и реконструкција на кровот и изведување на градежни работи на поставување термоизолациона фасада на судската зграда, како и помошен влез и излез од судската зграда и изградба на лифт, бидејќи судот во моментот нема пристап за лица за попреченост, со оглед да постоечкиот пристап со изградбата на новиот плоштад во градот е срушен, а нема ниту лифт.

Судот потенцира дека најголеми проблеми и пречки во врска со одржувањето на судската зграда и функционирањето на судот е тоа што зградата е изолирана поради новоизградениот плоштад и до истата нема директен пристап до влезот со автомобил, ниту пак има обезбедено паркинг места за службените возила, така што целосно е попречен пристапот до

судската зграда за возила заради дотур на материјали, дотур на масло за греење, како и за возилата на полиција во случај на приведување на лица за судење и во судската зграда може да се пристапи само пеш.

Судската зграда, како што и претходно се напомена, нема пристап за лица со попреченост, бидејќи постоечката рампа за лицата со попреченост е срушена со реализација и изградба на новиот плоштад во Крива Паланка, а освен тоа, нема ниту лифт.

Основен суд Крива Паланка во моментот нема портпарол, бидејќи таа извршуваше судија кој е веќе во пензија, а работите за односи со јавност ги извршуваше судија кој сега е претседател на судот.

Овој суд има лице за посредување со информации од јавен карактер, кое лице е од редот на стручните соработници во судот, а истовремено е и лице за посредување со лица со попреченост.

## Основен суд Куманово

Основниот суд во Куманово е основан за подрачјето на општините Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Во Основниот суд Куманово, во моментот на посетата на судот од кој произлегува овој извештај има 20 (дваесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Од избраните 20 (дваесет) судии, двајца судии се наоѓаат на породилно отсуство до 06.02.2025 годинам, на тројца судии им мирува судиската функција, од кои еден е член на Судскиот совет на РСМ.

Еден судија е Претседател на Основен суд Кратово, а на еден судија со решение на Судскиот совет на РСМ му е одобрено мирување на судиската функција до јуни 2025 година.

На еден судија сметано од 01.12.2024 година кога исполнува услови за старосна пензија, ќе му се утврди престанок на судиската функција.

Од овие податоци, јасно е дека во моментот судот функционира со 15 (петнаесет) судии, кој број ќе се намали на 14 (четиринаесет) од месец декември.

Во однос на потребниот број на судии во овој суд, Судот смета дека бројот од 25 (дваесет и пат) судии, утврден со Анализата на Судскиот совет на РСМ од 29.04.2024 година, е оптимален број на судии за нормално и ефикасно функционирање на Основен суд Куманово.

Основниот суд Куманово во моментот има 105 (сто и пет) вработени на следните работни места: 1 (еден) „Судски администратор", 1 (еден) „Раководител на одделение за информатика", 5 (пет) „Судски советници", 2 (два) „Виши судски соработници", 4 (четири) „Судски соработници", 1 (еден) „Соработник преведувач", 15 (петнаесет) „Помлади судски соработници", 2 (два) „Помлади соработници-преведувачи", 1(еден) „Помлад соработник одговорен за корпора деликти", 9 (девет) „Самостојни судски референти", 9 (девет) Виши судски референти, 23 (дваесет и три) „Судски референти-дактилографи", 16 (шеснаесет) „Помлади судски референти", 8 (осум) „Припадници на судска полиција", 1(еден) „Хаусмајстор", 2 (два) „Возачи", 3 (три) „Хигиеничари" и 2 (два) курири.

Судот напоменува дека од наведениот број на судски референти-дактилографи, 5 (пет) од нив воопшто не работат како судски референти дактилографи, со оглед дека 1(еден) судски референт-дактилограф е на неколку месеци пред пензија и поради неможност да работи на тоа работно место, работи како доставувач со интерна доставна книга до институции во градот, 3 (три) судски референти-доставувачи поседуваат документација од Фондот за здравствено осигурување на РСМ според која не можат да работат на работно место дактилограф, а 1(еден) судски референт-дактилограф се наоѓа на боледување од почетокот на годината и според здравствената состојба не се очекува уште подолг временски период дека ќе може да се

врати на работно место. Од еден судски референт-дактилограф, кој во моментот се наоѓа на боледување, усмено е најавено дека ќе даде отказ.

Од 16 (шеснаесет) помлади судски референти, 7 (седум) се доставувачи во судот и со двајцата вработени како курири согласно на Законот за работни односи, вкупно 9 (девет) лица работат во доставната служба на судот.

Значително намалениот број на судии кои во судот постапуваат по предметите, доведе до состојба дека иако се работи за Основен суд со проширена надлежност, практично во судот скоро сите судии од Кривичниот оддел да постапуваат по сите видови на предмети од кривична област, вклучително извршување на санкции, прекршоци итн. и скоро сите судии од граѓанската област да постапуваат по сите видови на предмети од таа област, вкпучително вонпарнични предмети, работни односи итн., а како би можело што поефикасно да се постапува по предметите и странките да не трпат заради намален број на судии.

Судот понатаму истакнува дека во однос на вработените во судска администрација, најголеми проблеми се јавуваат во неколку области: судските референти-дактилографи кои работат со судиите на расправите и на изготвување на одлуки се во број кој го покрива бројот на судиите, меѓутоа честите отсуства поради боледување на дел од нив доведуваат до состојба каде дел од судиите немаат на располагање судски референт-дактилограф за одржување на рочиштето, а бидејќи тоа е примарно им се распоредува судски референт-дактилограф кој инаку работи со друг судија, што доведува до заостанување со постапување по предмети и изготвување на одлуки на тој судија, заостанување во работа на судијата чиј дактилограф е распореден кај друг судија итн.; бројот на судските доставувачи и курири е мал и истите не успеваат целосно и навремено да вршат достава, со оглед на големината на градот, а од друга страна трошоците за достава по пошта се енормно зголемени со новите цени кои од месец мај ги применува „Македонски пошти“.

Исто така, Одделението за информатика има само еден вработен-раководителот, кој реално не може да ги извршува сите потребни работи во

судот, а како што е познато, повлекувањето на одобрението на Министерството за финансии за вработувањата од 2023 година, доведе до тоа да мораше да се прекине постапката за вработување на барем уште еден информатичар во судот, иако на судот му се потребни најмалку уште двајца вработени во ова одделение.

Во однос на помладите судски соработници, кои се 15 (петнаесет) на број, судот посочува на намалениот интерес за вршење на својата работа, иако со распоред за работа се определени да работат со некој од судиите;

На судот му недостасуваат и хигиеничари со оглед дека еден хигиеничар остварил право на старосна пензија, а еден хигиеничар дал отказ од работно место во текот на оваа година.

Во делот на капитални инвестиции, судот има потреба од:

Реконструкција на фасада и надстрешницата на влезот од судот - За ова на судот му се одобрени средства во 2023 година, меѓутоа судот образложува дека не добил одобрение за градење од страна на Министерството за транспорт и врски со оглед дека зградата во која се наоѓа судот се состои од приземје и три ката, приземјето и првиот и вториот кат се во сопственост на судот, додека последниот - третиот кат нема утврдено сопственост.

Судот посочува дека иако уште во 2011 година, од страна на Државното правобранителство на РСМ, до Министерството за транспорт и врски било поднесено барање за утврдување на сопственост на овој кат, но и покрај неколку ургенции, до денес тоа не е сторено, па поради немање сопственик на овој кат, судот нема од кого да добие согласност за реконструкција на фасадата, а со тоа ниту да добие одобрение за градење.

Потребна е замена на сите прозорци на приземјето, првиот и вториот кат од задната северна страна на судот, како и прозорци кои се наоѓаат на левата страна на судската зграда-ходниците, кои прозорци се алуминиумски и кои не обезбедуваат топлотна и звучна заштита (прозорците на предната јужна страна на судот се заменети во 2018 година).

Потребно е уредување на подрумскиот простор во кој се наоѓа судската архива, што подразбира претходно попишување на сите предмети кои се наоѓаат во истата, а се во периодот од 50-тите години до 2018 година, кои предмети воопшто немаат архивски знаци, ниту за истите постои попис.

Неопходна е комплетна замена на системот за осветлување во судската зграда, со оглед дека целиот систем за осветлување се состои од неонки за кои повеќе не може да се најдат т.н. стартери па и покрај замена на самите неонки, истите не можат да се оспособат да функционираат, поради што е потребна комплетна замена на истите со друг систем за осветлување.

Воедно, потребно е и молерисување на просториите во судската зграда, кое последен пат е вршено во 2018 година.

Основен суд Куманово поседува пристапна патека за лицата со попреченост која се наоѓа од левата страна гледано кон влезот на судот. Во судската зграда е поставен лифт, за потребите на Основното јавно обвинителство Куманово, кое се наоѓа на третиот кат од судската зграда, кој, исто така, се користи од страна на судот.

## Основен суд Неготино

Во Основен суд Неготино по одлука на Судскиот совет се предвидени вкупно 5 (пет) судиски места. Во моментот пополнети се само 3 (три) судиски места. Еден судија, почнувајќи од 02.09.2024 година е на боледување (болничко лекување со најавено подолго отсуство) и истиот судија остварува право на старосна пензија во ноември 2025 година.

Заклучно до 31.03.2023 година, во Основен суд Неготино беа пополнети сите судиски места и судот работеше ажурно и квалитетно.

По анализа на бројот на предмети во моментот и приливот на предмети од последните две години, Основниот суд Неготино истакнува дека потребно е

да бидат пополнети минимум 4 (четири) судиски места, а оптимално би било да се пополнети сите 5 (лет) судиски места.

Во Основен суд Неготино, без судиите, во моментот има вкупно 25 (дваесет и пет) вработени и тоа: 16 (шеснаесет) судски службеници на неопределено време 3 (тројца) судски службеници на определено време до 31.12.2024 година, 4 (четворица) припадници на судска полиција, 1 (еден) вработен кој врши технички и помошни работи (хигиеничар) на неопределено време 1 (еден) вработен кој врши технички и помошни работи (хигиеничар) на определено време

Во однос на потребниот број на нови вработувања, Основниот суд Неготино има потреба од вработување на стручните судски службеници кои се на определено време, а веќе се опфатени со Годишниот план за вработување за 2024 година, за кои сеуште не се добиени поединечни согласности, како и вработување на 1 (еден) виш судски референт-архивар.

Според Годишниот план за вработување за 2025 година, планирани се следните вработувања: 1 (еден) судски референт-дактилограф, 1 (еден) помлад судски референт-доставувач (поради пензионирање во 2025 година), 1 (еден) хигиеничар (кој веќе работи на определено време) и 1 (еден) припадник на судска полиција (за намалување на часовите прекувремена работа).

Предвид горенаведеното, доколку се реализираат четирите вработувања од Годишниот план за 2024 година, ќе останат потребни нови вработувања за 2025 година уште 4 (четири).

Најголем проблем во моментот е намалениот број на судии, бидејќи судот сега функционира само со двајца судии, од кои едниот е и претседател. Нужно и во најкраток можен рок е потребно да се пополнат испразнетите судиски места, а предвид и пензионирањето на еден судија во 2025 година.

По однос на судската администрација, доколку се реализираат четирите вработувања од Годишниот план за 2024 година, нужно ќе биде вработувањето само на еден доставувач, еден дактилограф и еден хигиеничар во 2025 година,

а оптимално ќе биде реализирање и на останатите вработувања предвидени во Годишниот план од 2025 година.

Во последните неколку години судот е реновиран со промена на подна покривка, внатрешни врати, тоалети и канцелариски мебел, така што останато е за потребно само доуредување на надворешната ограда (која се сруши во текот на минатата година и се планира да се доврши до крајот на ова година), како и поплочување на подрумските простории, каде е сместена судската архива.

Основен суд Неготино е сместен во станбена зграда и користи приземје и два спрата, кои по површина се доволен простор за потребите на судот. Меѓутоа, голем проблем е што судот не е во индивидуална зграда и многу се чести дефектите на водоводната и канализациона мрежа од индивидуалните станови во рамки на зградата, старата електрична инсталација, немање можност да се отвори влез од задната страна, па така судот има само еден преден влез, како и немање дворно место и паркинг простор, кои проблеми не можат да се решат на друг начин, освен со целосно дислоцирање на судот во посебна деловна зграда, што во моментот не е возможно.

Пред судот има пристапна патека за лица со попреченост и овозможен е пристап за лицата со попреченост само на приземјето од судот каде се наоѓаат приемната и останатите писарници, каде посетеноста со странки е најголема.

Доколку има судење во кое учесник е лице со попреченост, се адаптира една од писарниците на приземјето и се овозможува непречен пристап на лицата со попреченост.

Пред судот има пристапна патека за лица со попреченост и овозможен е пристап за лицата со попреченост само на приземјето од судот каде се наоѓаат приемната и останатите писарници, каде посетеноста со странки е најголема.

Доколку има судење во кое учесник е лице со попреченост, се адаптира една од писарниците на приземјето и се овозможува непречен пристап на лицата со попреченост. Во зградата на судот нема лифт.

Основен суд Неготино има назначено одговорно лице за односи со јавноста, односно портпарол на судот. Податоците за контакт за портпаролот се објавени на веб страницата на судот.

## Основен Кривичен суд Скопје

Основниот кривичен суд Скопје е основан за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир , Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

Во Основниот Кривичен суд Скопје во моментов постапуваат 41 судија вклучувајќи го и претседателот на судот.

Дополнително, вон оваа бројка, шест судии, избрани во судот, со одлука на Судскиот совет на РСМ се времено делегирани во други судови, а на еден судија функцијата му е во мирување со оглед да е избрана за член на Судскиот совет.

Согласно одлуката на Судски совет од 2015 - та година во Кривичниот суд Скопје потребни се 70 судии, но мора да се има предвид и дека од тогаш до сега бројот на примени предмети е во постојан раст од година во година.

Во Основниот кривичен суд Скопје во моментов се вработени 242 лица. Три лица се вработени со договор на дело и 25 со договор на определено Основниот Кривичен суд Скопје информира дека Годишниот план за 2024-та година предвидени се 37 нови вработувања, која одлука е ставена во мирување со одлука на Владата на РСМ.

Во однос на човековите ресурси, проблемот е недоволниот број на вработени на ниво на цел суд, со што особено би се издвоило вработување на ИТ персонал, а во правец на достигнување на технолошкиот развој и дигитализацијата на услугите кои ги нудат судовите.

Постои недостиг на записничари кои би биле распоредени по еден записничар за секој судија и записничари во кривичните совети како и недостиг на стручни соработници.

Причина за посочениот недостиг е континуираното заминување на кадарот од судот заради ниските примања, како и бавното одобрување на огласи за нови вработувања, на кои, и кога се објавени не се јавуваат доволно кандидати со соодветни квалификации.

Како пример би го посочиле последниот оглас за Советник - информатичар на кој не се јави ниту еден кандидат.

Во однос на судската зграда и капиталните инвестиции во судот, потребно е доопремување на дел од судниците со соодветна опрема за аудио и визуелно снимање на расправите и презентација на доказите, како и предвидено — долгорочно одржување на новата и постоечката опрема добиена преку донации, инсталација на паник тастери во секоја судница заради зголемување на безбедноста и набавка на лед монитори за презентација на календар и распоред на дневни расправи по судници во холот и на секој спрат од зградата.

Воедно потребно е целосно реновирање на старата зграда на судот каде сеуште се наоѓа одделението за казнена и кривична евиденција и дел од судниците каде се судат сообраќајните прекршоци, а каде дневно има најголем проток на странки.

Двете судски згради поседуваат пристапни рами за влез на лица со попреченост, новата зграда поседува три лифта, а старата која нема лифт има пристапна рампа во зградата и во судница 1 на првиот спрат.

Основниот кривичен суд Скопје има назначено Раководител на одделение за односи со јавност и аналитика кој ја врши должноста на Портпарол на судот.

## Основен Граѓански суд Скопје

Основен граѓански суд Скопје е основан за подрачјето на општините: Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир , Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

Бројот на утврдени судиски места во Основниот граѓански суд Скопје е 77 (седумдесет и седум).

Во Основниот граѓански суд Скопје судската функција ја извршуваат вкупно 58 судии, во која бројка е вклучен еден делегиран судија од Основен суд Крива Паланка и Претседателот на судот.

Имајќи го предвид наведеното во судот се потребни 20 судии.

Притоа треба да се земе предвид дека бројот на избрани судии во овој суд не само што е значително помал од утврдените 77 судиски места во Основниот граѓански суд Скопје, вклучувајќи го и Претседателот на судот, туку и дека дополнително од наведениот број на судии, пет судии се времено упатени да ја извршуваат судиската функција во друг суд, а на две судијки судиската функција им е ставена во мирување.

Согласно наведеното, овој суд во овој момент ја извршува својата надлежност со вкупно 50 судии и Претседателот на судот. Во овој број е вброен и делегираниот судија од Основен суд Крива Паланка на кој на ден 03.10.2024 година ќе му измине рокот од една година за кој е делегиран во Основен граѓански суд Скопје.

Основниот граѓански суд Скопје дополнително се соочува и со намалување на бројот на судии поради природен одлив така што во тековната година поради исполнување на условите за старосна пензија на двајца судии

од овој суд ќе им престане судиската функција по сила на закон, додека еден судија во 2025 година ќе ги исполни условите за стекнување со правото на старосна пензија.

Во овој момент заедно со претседателот на Основниот граѓански суд Скопје се судиската функција ја извршуваат вкупно 51 судија, додека во судската служба на Основниот граѓански суд Скопје се вработени вкупно 224 работници.

За обезбедување на оптимално функционирање на судот, при кое секој судија би имал свој тим кој би работел исклучиво со неговите предмети, како и за извршувањето на работните задачи на овластени лица кои секоја институција треба да ги има согласно позитивните законски прописи (офицер за класифицирани податоци, офицер за заштита на лични податоци и слично) во судот се потребни вкупно 80 стручни судски службеници од категоријата „В“, и тоа: 3 судски советници, 11 виши судски соработници, 35 судски соработници и 31 помлади судски соработници. Воедно, потребни се и 14 судски службеници од категоријата „В“, и тоа: 1 советник- портпарол, 2 советника - информатичари, 1 виш судски соработник- аналитичар, 1 соработник-преведувач, 1 соработник - толкувач, 4 соработници во одделение за информатика и 4 помлади соработници - преведувачи.

Од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-3“ судски референт- дактилограф потребни се 54 службеници, а од категоријата „Г-4“ помлад судски референт-записничар потребни се 16 службеници. Од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-2“ виш судски референт- извршител во писарница потребни се 23 службеници, ниво „Г-3“ судски референт - извршител во писарница потребни се 30 службеници, 2 судски референти за заверки, а од категоријата „Г-4“ помлад судски референт- извршител во писарница потребни се 22 службеници. Воедно, потребни се 4 судски службеници од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-1“ самостоен судски референт- водител на писарница и 12 службеници од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-2“ виш судски референт- уписничар.

Во судот е потребен и 1 судски службеник од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-1“ самостоен референт за техничко одржување на зградата, 2 самостојни референти - оператор на информатички системи, техничар, информатичар како и 2 службеници од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-2“ виш судски референт-економ и 2 виши судски референти - благајник.

Од категоријата „Г“ потребни се и следниве судски службеници: 1 судски службеник од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-1“ самостоен референт - сметководител, 1 самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 6 судски службеници ниво „Г-2“ виш судски референт за прием и експедиција на пошта, 3 судски службеници ниво „Г-2“ виш судски референт за заверки (апостили), 6 судски службеници ниво „Г-2“ виш судски референт- архивар.

За надминување на тешкотиите со вршење на достава, односно за обезбедување на уредна достава и намалување на трошоците за поштарина, во судот се потребни и 2 службеници од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-3“ судски референт- доставувач, 22 судски службеници категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-4“ помлад судски референт- доставувач и 8 судски службеници од категоријата „Г“ и тоа ниво „Г-4“ помлад референт- внатрешен курир.

За непречено функционирање на судот потребни се и 2 судски службеници од категоријата „Б“, ниво „Б-4“, од кои 1 раководител на одделение за информатика и 1 раководител на одделение за материјално финансиско работење, 1 раководител за оддел за работни спорови, 1 раководител на оддел за имотно правни спорови, семејни спорови и спорови од мала вредност, исто така потребни ни се и 1 раководител на стручно-правна служба, 1 раководител на административно-техничка служба и 2 виши судски советници.

Воедно, во судот се потребни и 1 командир на судска полиција, категорија „Б“, ниво „ Б-3“ и 1 заменик -командир на судска полиција, категорија „Б“, ниво „ Б-4“ и 6 припадници на судска полиција.

За одржување на судската зграда и инвентарот, како и хигиената, во судот се потребни и 2 хаусмајстори, како и 15 одржувачи на хигиена. Исто така потребни се 2 оператори на телефонска централа, 7 курири и 1 возач.

Судот напоменува дека наведените податоци се однесуваат на непополнети работни места, а кои се предвидени со актот за систематизација на судот.

Со оглед на наведеното може да се дојде до заклучок дека во Основен граѓански суд Скопје постои недостиг и драстично намален број не само на судии, туку и на вработени во судската служба која ја сочинуваат судските службеници, лицата вработени во судот кои вршат технички и помошни работи и судската полиција.

Судот нагласува дека недостатокот на судии и судски службеници се огледа во тоа што овој суд има застој во постапувањето по предметите и важи за суд кој не е ажурен.

Како причина плус за несовладувањето на предметите во овој суд покрај недостиг на судии и судски службеници е и приливот на предмети кој во последниот период бележи континуирано зголемување. За изложената состојба во која се наоѓа судот е известен Судскиот совет на РСМ со повеќе дописи.

Основниот граѓански суд Скопје, во однос на капитални инвестиции се потребни во врска со судската зграда, презентира листа на барани капитални инвестиции за 2024 година.

Дополнително, покрај капиталните инвестиции побарани во 2024 година, во План предлог Буџет за 2025 година се предвидени и 3 лаптопи и едно службено возило за кои овој суд има утврдено потреба.

Во врска со барањето за полесно одржување  и функционирање на судската зграда, Основниот граѓански суд ги посочува следниве работи:

- Промена на вертикалната цевна мрежа за греење и ладење и поправка на машинска подстаница,
- Проверка и санација на покривот на зградата,
- Поголеми финансиски средства за набавка на материјали за одржување и за средства за хигиена,
- Зголемување на бројот на вработени во техничкиот персонал (хаусмајстори и хигиеничарки),
- Сервисирање на прозорите во целата зграда,
- Молеро-фарбарски услуги на зградата,
- Осветлувањето околу зградата и во подземната гаража,
- Во делот на безбедноста набавка на нов скенер, камери, монитори, хард дискови и дигитални видео рекордери,
- Столици и мебел и
- Фиксни телефони.

Исто така, Основниот граѓански суд има сериозен проблем со архивата на судот, кој несоодветно е сместена во подрумските простории на зградата со што во ризик е доведено нејзиното уништување поради условите во кои се наоѓа, а можно се и опасности од пожар и сл. Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија во неколку наврати укажа дека под итно да се постапи по архивскиот материјал согласно законските прописи и отстранување на можноста од несакани последици. Воедно, до Основниот граѓански суд укажано е и на итната потреба од отстранување на дотраените работи во котларата на судот, бидејќи исто така се загрозува безбедноста на објектот.

Во врска со пристапот за лицата со попреченост зградата на Основниот граѓански суд Скопје не поседува пристап за лицата со попреченост, ниту има пристап до постоечкиот лифт.

Основниот граѓански суд Скопје има назначено лице за односи со јавноста - судски советник и лице за посредување со информации од јавен карактер – судски соработник.

## Апелационен суд Штип

Апелациониот суд во Штип  е основан за подрачјата на основните судови во Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

Апелациониот суд Штип моментално има 7 (седум) судии заедно со претседателот на судот. Согласно систематизацијата на судот, во Апелациониот суд Штип се предвидени 16 (шестнаесет) судии, вклучително со претседателот на судот. Во тек се два огласи за избор на 3 (тројца) судии, за кои судот се надева дека ќе завршат до крајот на 2024 година.

Доколку се изберат уште 3 (три) судии, судот ќе има 10 (десет) судии заедно со претседателот на судот, што значи дека ќе бидат потребни уште 6 (шест) судии.

Во судот има 49 (четириесет и девет) вработени, од кои 7 (седум) се судии, а 42 (четириесет и два) се вработени во судската администрација, судската полиција и вработени според Законот за работните односи.

Во судот се потребни нови вработувања на 4 (четири) виши судски референти – дактилографи, бидејќи 3 (три) дактилографи во 2025 година ќе заминат во старосна пензија, а 2 (два) дактилографи во последните 2 години се веќе пензионирани.  Исто така, и други дактилографи во следните 3 до 4 години ќе остварат право на старосна пензија, односно ќе се пензионираат.

На судот му е потребен е советник-портпарол, кој е предвиден во планот за вработување за 2025 година. Исто така, потребен е и виш судски референт-архивар, кој е предвиден во планот за вработување за 2025 година. Одржувачот на хигиена заминува во пензија во 2025 година, поради што е потребен хигиеничар, кој е предвиден во планот за вработување за 2025 година.

Најголеми проблеми во врска со човечките ресурси се недостатокот на судии, бидејќи само двајца граѓански судии работат „ГЖ“ и „ТСЖ“, додека кривичните судии работат „РОЖ“ предмети, а исто така и кривични предмети, поради што заостатокот е голем и изнесува 1530 нерешени граѓански предмети и 334 кривични предмети или вкупно 1870 предмети, според месечниот извештај за месец август 2024 година.

Од судот образложуваат дека поради недостаток на судии доаѓа до големи потешкотии при формирање на совети. Има судии кои ротираат во советите и има проблеми кога треба некој судија да се изземе, бидејќи поради недостаток на судии се определува член на совет од друга материја (кривично-граѓанско), па поради големиот заостаток на нерешени предмети судот се соочува со голем број претставки и ургенции од странките за побрзо решавање на предметите. Од тие причини, постои голема оптовареност на судиите кои секојдневно реферираат и во кривични и во граѓански совети.

Недостатокот на дактилографи се одразува на ажурноста на судот, бидејќи истите работат со двајца судии, односно работат и кривични предмети и граѓански предмети.

Архивскиот и документиран материјал треба да се среди согласно законските прописи. Апелациониот суд Штип формира комисии за лачење и поништување на материјали, но тоа не е доволно, бидејќи судот нема службеник архивар вработен согласно соодветно образование за архивистика, кој уредно и ажурно ќе си ја извршува работната задача.

На Апелациониот суд Штип му се потребни капитални инвестиции за реновирање или обнова на електричната инсталација, бидејќи истата е застарена безбедносно несигурна. Електричната инсталација е ослабната и преоптоварена, поради што доаѓа до чести дефекти и снемување на струја, што исто така се одразува во тековното работење.

Судот истакнува дека потребена е обнова на канцелариските мебел бидејќи истиот е стар, дотраен и оштетен, како и обнова на фасадата на судот со изолација на кој начин ќе се заштеди на нафта и струја.

Најголеми проблеми и пречки при одржување на судската зграда се наведените барања за капитални инвестиции.

Судската зграда поседува пристап за лица со попреченост и има лифт на приземниот дел за да се одбегнат неколку скалила до приземниот дел.

Во Апелациониот суд во Штип нема назначено лице за односи со јавноста - портпарол, а ова работно место е предвидено во систематизацијата и се бара како ново вработување во планот за вработување за 2025 година.

**Основен суд Берово**

Основен суд во Берово е основан за подрачјето на општините Берово и Пехчево. Основниот суд Берово брои 1(еден) судија кој е и В.Д. Претседател на судот и истиот има потреба од 3 ( тројца) судии.

Во судот е вработен 21 (дваесет и еден) службеник, има потреба од 5 (пет) нови вработувања бидејќи во последните 15 години има 20 пензионирања, додека само едно вработување.

Во тековната година услови за пензија исполнуваат 2 (два) дактилографки, како и еден стручен соработник, па така судот ќе остане само со еден. Исто така, нема информатичар веќе четврта година по ред.

Судот истакнува дека најголем проблем во судот е проблемот со вработувањата бидејќи има само пензионирања, а нови вработувања скоро и да нема.

Во делот на зградата има потреба од внатрешно уредување во средишниот дел со замена на постоечката железна конструкција од стакло која целата е со пукнати прозори и губи на топлина во зградата.

Исто така, од инвестиција има потреба во делот на кровната конструкција бидејќи кровот на зградата е рамен и од како е направена зградата не е инвестирано во него. Основен суд Берово како институција треба да биде заграден со метална ограда, и е единствен е од судовите кој не е заграден. Судот, исто така, има потреба од возило.

Проблеми и пречки во судот се јавуваат и од непостојаноста во изборот на судии. Од судот велат дека најдобро ќе биде кога ќе има матичен судија во судот.

Во зградата на Основен суд Берово има пристап за лица со попреченост, лифт нема. Во судот има назначено лице за односи со јавноста и тоа стручен соработник.

## Основен суд Виница

Основниот суд во Виница е основан за подрачјето на општината Виница.

Во Основниот суд Виница во моментот има 1 (еден) избран судија и 1 (еден) судија кој што е воедно и претседател на судот, а истиот е избран за судија во Основен суд Кочани. За да може Основен суд Виница да ја извршува својата функција потребни се уште 2( двајца) судии.

Во Основен суд Виница во моментот има 14 (четиринаесет) вработени на неопределено време и 6 (шест) вработени на определено време за кои последните четири години секоја година им се обновува договорот за вработување на определено време.

Судот нагласува дека за да може ажурно да ја обавува својата функција потребни се 12 (дванаесет) вработувања на неопределено време, во кои се

опфатени и работните места кои секоја година се пополнуваат со вработување на определено време.

Најголем проблем во врска со човечките ресурси, а во смисла на намален и потребен број на судии е фактот што не може да се формира Кривичен совет, поради што поединечно за секој предмет се упатува барање до Апелациониот суд Штип да делегира судии од други судови кои ќе учествуваат во Кривичниот совет при Основен суд Виница.

Поради овој факт се јавуваат и потешкотии околу закажувањата на рочиштата на кривичниот совет а пред се околу усогласувањето на термините со судиите кои се делегираат од друг суд.

Исто така, поради сегашниот број на судии се јавуваат потешкотии во однос на користењето на годишните одмори на судиите.

Поради непополнетите места за судска администрација како и фактот што во последните неколку години 6 (шест) лица се вработуваат на определено време , а па поради неконтинуираност во склучувањето на договорите за вработување на определено време, судот се соочува со голем недостаток на судска администрација, поради што од вработените на неопределено време кои што работат на одредено работно место се распоредуваат да извршуваат и работните задачи на тие работни места.

Најнеопходни капитални инвестиции за судската зграда се приспособување на дел од канцелариите во шалтер служба, промена на внатрешната столарија и набавка на канцелариски столици за вработените. За бараните капитални инвестиции судот има изготвено проектна документација и доставено барање до Судско буџетскиот совет.

Најголем проблем во врска со одржувањето на судската зграда е тоа што немаме вработено лице одржувач на хигиена и секоја година судот бара вработување на лице на определено време.

Голем проблем е и дотраеноста на мебелот, а има и потреба од градежна инвестиција за изградба на објект - просторија од тврда градба за сместување на парниот котел и цистерната за нафта за греење бидејќи истите се сместени во времен објект (лимена гаража).

Во Основен суд Виница има пристап за лица со попреченост и нема лифт.

## Основен суд Делчево

Основен суд во Делчево е основан за подрачјето на општините Делчево и Македонска Каменица.

Во Основниот суд Делчево моментално има 1 (еден) судија кој е воедно и В.Д. претседател на Основен суд Делчево, а се предвидени 4 (четири) судии (со Решение на Судски совет сметано од 11.09.2024 година е делегиран еден судија од Основен суд Струмица во Основен суд Делчево за кого имаме информација дека има поднесено приговор до Општата седница на Врховен суд на РСМ);

Судот истакнува дека се потребни се уште 3 (три) судии.

Во Основниот суд Делчево има вкупно 26 (дваесет и шест) вработени од кои 5(пет) се вработени на определено време, а 21 (дваесет и еден) се вработени на неопределено време.

Вработените на неопределено време се: 1 (еден) „Помлад соработник“, 1 (еден) „Помлад соработник сметководител“ (кој моментално е на породилно боледување од 15 месеци), 1 (еден) „Информатичар“, 1 (еден) „Записничар“, 1 (еден) „Виш референт во писарница“, 1 (еден) „Самостоен референт на граѓанско одделение“, 1 (еден) „Самостоен референт на кривично одделение“, 7 (седум) судски полицајци, 6 (шест) доставувачи, 2 (два) хигиеничари и 1 (еден) возач.

Вработени на определено време до 31.12.2024 година се: 2 (два) „Судски соработници“, 1 (еден) „Записничар“, (еден) „Хигиеничар“ и (еден) „Доставувач“.

Во Основниот суд Делчево се потребни 10 (десет) нови вработувања на неопределено време на 2 (два) „Судски соработници“, 2 (два) „Записничари“, 2 (два) „Референти за во писарница“, 1 (еден) „Архивар“, 2 (два) „Доставувачи“, 1 (еден) „Хигиеничар“ и 1 (еден) работник на вработување на определено време (до враќање на вработена од породилно отсуство во траење од 15 месеци).

Од судот образложуваат дека проблеми се јавуваат во испразнетите работни места кои во последната година само во писарницата ги има и тоа поради еден ненајавен отказ на службеник и пензионирање на двајца службеници, а нивните работни места се празни и нема согласност за вработување на нови работници, со што во цела писарница каде работеле пет лица сега работат само двајца самостојни референти.

И покрај доставените барања за согласности за вработувања проблемот останува нерешен. Во поглед на потребните судии, проблемот е очигледен бидејќи и покрај распишаните огласи, избор за судија нема.

Судот нагласува дека дополнителен проблем ќе донесат и очекуваните пензионирања во иднина кои понатамошно ќе ја отежнат нормалната работа на судот.

Во врска со инвестициите кои се потребни за судската зграда потребна е обнова на внатрешниот инвентар од столови и клупи во чекалната, бидејќи истите се дотраени и оштетени поради старост, а во судниците и канцелариите исто така столаријата е дотраена и во лоша состојба.

Подот во судниците и во канцелариите потребно е да се обнови бидејќи е постар од 50 години, а воедно и да се надгради системот за греење во судниците.

За нормално функционирање на судот се одлучувачки два фактори и тоа: човечки ресурси односно службеници за кои за жал во судот моментално постои кусок и вториот фактор се условите за работа, односно простории кои морат да бидат опремени за нормално одвивање на судскиот процес.

Зградата на Основен суд Делчево не поседува пристап за лица со попреченост, ниту пак има лифт во зградата.

Основен суд Делчево согласно годишниот план за работа има назначено лице за односи со јавноста.

**Основен суд Кочани**

Основниот суд во Кочани е основан за подрачјето на општините Кочани, Зрновци и Чешиново – Облешево.

Согласно Одлуката на Судскиот Совет на Република Северна Македонија во Основен суд Кочани е предвидено судиската функција да ја вршат 10 (десет) судии.

Во моментов судиската функција во Основен суд Кочани ја вршат 6 (шест) судии (заедно со претседателот на судот), избрани за Основен суд Кочани, како и еден судија времено упатен во овој суд од Основен граѓански суд Скопје.

За нормално функционирање на судот се потребни најмалку 8 (осум) судии.

Во Основен суд Кочани се вработени вкупно 41 (четириесет и еден) вработен од кои 37 (триесет и седум) судски службеници и 4 (четири) вработени по Законот за работните односи.

Овој суд има нужна потреба од најмалку 6 (шест) нови вработувања, од кои 1 (еден) дактилограф, 1 (еден) извршител на писарница, 1 (еден) судски доставувач и три (тројца) судски соработници.

Во врска со човечките ресурси, од судот посочуваат дека најголем проблем е намалениот број на судии, бидејќи во последните години неколку судии заминаа во пензија, а со години наназад за Основен суд Кочани не се распишува оглас за избор на нови судии.

Па така од предвидените 10 (десет) места за судии, во моментов во судот оваа функција ја вршат само 6 (шест) судии. И ова не само што е причина за неажурност на судот, туку секојдневно предизвикува проблеми околу составување на совети во кои треба да постапуваат тројца судии.

Судот нагласува дека овој проблем е посебно во кривичната материја каде што постои законска пречка да судиите кои постапуваат како судии на претходна постапка или совет за оцена на обвинителен акт, понатаму во кривичната постапка не можат да постапуваат по овој предмет, ниту како судечки судии, ниту како втор судија, ниту во Кривичниот совет (член 25 став 5 од ЗКП).

Во однос на судската администрација најголем проблем се јавува во однос на писарницата на приемниот оддел, на кое работно место има само еден извршител и во случај на негово отсуство поради користење на годишен одмор или боледување нема друг извршител кој би го заменувал.

Во Одделот за извршување на санкции, исто така има само еден извршител кој во текот на 2025 год. заминува во пензија.

Во делот на доставната служба, каде што поради недостапност на судски доставувачи лицето кое што е примено за работа како хаус мајстор (домаќин) сега работи како судски доставувач, а поради малиот број на судски доставувачи доставата на судските писмена од страна на судските доставувачи се врши само во градот Кочани, додека во останатите населени

места кои спаѓаат под општина Кочани, доставата се врши преку пошта, со што многу се зголемуваат поштенските трошоци.

Особено голем проблем постои во делот на стручните соработници, бидејќи во моментов во Основен суд Кочани има само 5 (пет) стручни соработници, а 7 (седум) судии, па така дел од стручните соработници мора да работат со по двајца судии.

Во врска со капиталните инвестиции околу судската зграда на Основен суд Кочани се потребни инвестиции за замена на системот за парно греење, бидејќи мрежата е многу стара, со чести дефекти и нефункционирање на греењето во сите простории на судската зграда. Најголем дел од вентилите се оштетени и не може да се врши регулација, и тоа често предизвикува потреба од интервенции.

Понатаму, потребни се инвестиции во делот на реновирање на тоалетите, од каде често протекува вода на плафоните на тоалетите во пониските спратови и постои опасност од предизвикување на спој на електричната инсталација.

Исто така, потребни се капитални инвестиции за замена на кровот на судската зграда, бидејќи истиот е стар и оштетен и постои опасност од протекување на истиот.

Потребни капитални инвестиции во врска со судската зграда се и инвестиции во делот на молерисување на сите простории во зградата и префарбување на столаријата, а бојата на вратите и оградите е оштетена.

Во врска со прашањето за најголеми проблеми и пречки со одржувањето на судската зграда и функционирање на истата, како судот истакнува дека во најголем проблем се јавува во делот на оштетените тоалети, од каде протекува вода преку подот на просториите под тоалетите и постои опасност од оштетување на електричната инсталација, застарениот и оштетен систем за греење, од причини што голем број цевки кои ја спроведуваат топлата вода до

радијаторите се дотраени, а на определени места во зградата од овие цевки протекува вода во самите ѕидови, што предизвикува појава на влага и распаѓање на ѕидовите.

Зградата на Основен суд Кочани не поседува пристап за лица со попреченост и нема лифт, поради што во случаеви кога како странка се јавува лице со попреченост, судијата мора да го одржи рочиштето во некоја друга просторија на приземјето од зградата.

Во Основен суд Кочани не постои со посебно вработување лице за односи со јавноста и портпарол, па така за лице за односи со јавноста и за портпарол се назначува лице од редот на судечките соработници.

## Основен суд Радовиш

Основниот суд во Радовиш е основан за подрачјето на општините Радовиш и Конче.

Во Основниот суд Радовиш работат 2 (двајца) судии со В.Д. претседателот на судот, потребни се минимум уште 2 (двајца) судии, бидејќи со одлука на Судски совет на РСМ предвидени се 6 (шест) судии.

Вработени се 30 (триесет) судски службеници, од кои 4 (четири) работат на определено време и на кои согласноста им истекува заклучно со 31.12.2024 година, а за вработување на неодредено време од страна на Министерството за финансии не се одобрени и не се обезбедени финансиски средства за фискалната 2024 година, за кои судот е известен од страна на Судски буџетски совет на РСМ.

Потребни се минимум 10 (десет) судски службеници, од кои: „Виш судски референт-извршител во писарница“ – 1(еден) извршител, „Судски референт-

дактилограф“ – 2 (два) извршители, „Судски референт-прием и експидиција на пошта“ – 1 (еден) извршител, „Помлад судски референт – доставувач“ – 2 (два) извршитела, „Судски соработник“ - 2 (два) извршители, „Виш судски референт-благајник“ - 1 (еден) извршител.

Потребен е и „Самостоен судски референт-технички секретар на претседателот на судот“, бидејќи постојниот референт на ова работно место од 20.08.2024 година е на боледување и ќе биде отсутен подолг период. Исто така, потребен е и „Самостоен референт-сметководител“ кој од првата половина на октомври 2024 год. поради бременост ќе замине на породилно отсуство.

Состојбата е уште поалармантна што од страна на еден од двајцата дактилографи најавил престанок на работниот однос во втората половина на октомври, а еден виш судски референт-извршител во прекршочна писарница е на боледување од јули 2024 година и до денес не е вратен на извршување на работните обврски.

Од судот додаваат дека во наредната 2025 година поради исполнување на условите за старосна пензија ќе замине во пензија и раководителот на судски оддел (во месец август) и еден виш судски референт-извршител во писарница (во месец ноември).

Судот истакнува дека најголем проблем од недостатокот на судии е тоа што практично е невозможно ажурно и нормално функционирање на судот и покрај максималните заложби на судиите со двократно и трикратно исполнување на месечните норми.

Приливот на нерешени предмети не може да биде совладан и заклучно со август 2024 година изнесува 1948 предмети, што во значителна мера влијае на квалитетот, ажурноста и максималната исцрпеност на судиите и неможноста да се продолжи во вакви услови, иако во повеќе наврати е барано да бидат делегирани судии, но состојбата до денес не е променета.

Исто така, во делот на пополнетоста на работните места согласно Правилникот за систематизација на работните места во Основен суд Радовиш, истите не се пополнети и подолг период, судот е соочен со недостаток заради што бара да бидат одобрени вработувања.

Во таа насока и од тие причини, поголем дел од вработените извршуваат работни задачи и покриваат повеќе работни места кое нешто во значителна мера влијае на квалитетот на работата, навремено извршување на работните задачи како и на здравјето на вработените.

Судот напоменува дека за дел од работните места има согласност за вработување на определено време, но со тоа не се решава проблемот долгорочно.

Од судот искрено се надеваат дека вработувањата на неопределено време ќе бидат одобрени со што состојбата со овој проблем ќе биде надмината и ефикасното и ажурно постапување на судот во правораздавањето ќе биде подобрена.

Во врска со судската зграда потребни се финансиски средства за промена на кровната конструкција во износ од 3.500.000 денари, бидејќи од дождот прокиснати се една судски канцеларија и чајната просторија. за кој се неопходни средства за санација.

Исто така, 2.000.000 денари се неопходни средства за набавка на службено возило, бидејќи судот не располага со истото, а потребно за работата на судот.

Воедно, потребни се средства и за уредување на шалтерите во граѓанска и кривична писарница во износ од 1.000.000 денари, како и молерисување на просториите во судската зграда во износ од 1.500.000 денари, што не е сторено долги години station наназад.

По однос на просторните капацитети, состојба која има негативни реперкусии врз функционирањето на Судот, е тоа што е сместен во зграда во која покрај судот, се сместени и Основното јавно обвинителство Радовиш со кој не постои начин за издвојување на парното греење и електричната инсталација, а исто така на вториот спрат од судската зграда се и подрачните единици на Агенција за катастар на недвижности и Управата за јавни приходи.

Сите овие органи користат заеднички влез, заедничко дворно место и делумно заедничка инсталација, и тоа перманентно предизвикува проблеми од организационен карактер, особено во делот на обезбедувањето и соодветна безбедност на луѓето и имотот во судската зграда.

Во такви услови на недоволна опременост странките не можат да бидат соодветно контролирани согласно воспоставените нормативни стандарди, бидејќи впрочем и не постои друг влез за останатите институции, како и ограденост на дворното место.

Судската зграда има пристап за лицата со попреченост за влез на приземјето, но за први спрат нема пристап и нема лифт.

Основниот суд Радовиш нема лице за односи со јавноста односно портпарол, истата ја извршува претседателот на судот моментално В.Д. претседателот на судот.

**Основен суд Свети Николе**

Основен суд во Свети Николе е основан за подрачјето на општините Свети Николе и Лозово. Во Основниот суд Свети Николе има 2 (двајца) судии и 1 (еден) судија привремено делегиран од Основен Кривичен суд Скопје. Во судот се потребни 4 (четири) судии.

Во овој момент вработени се 9 (девет) судски службеници и 2 (двајца) останати вработени според Закон за работни односи, како и 4 (четири) судски

полицајци. Посочените се вработени на неопределено време, додека пак, 5 (пет) судски службеници се вработени на определено време до 31.12.2024 година.

Според систематизацијата предвидено е вкупно 41 (четириесет и едно) работно место.

Најголем проблем се човековите ресурси кои се потребни во извршувањето на работните задачи и за нормално функционирање на судот. Од тие причини, потребни се најмалку 10 (десет) нови вработувања.

Заради безбедност и исполнување на законски стандардите стандарди во оваа смисла, потоа непречена работа и достоинствена работна атмосфера потребно е да се инвестира во хидрантска инсталација и нова канализациска инфраструктура, како и да се среди стаклениот кров, пристап со рампа или лифт на вториот спрат, промена на мебел, внатрешни врати и друго.

Во таа насока, судот истакнува дека голем проблем при одржувањето на судската зграда е тоа што зградата е стара и се е веќе дотраено и неопходно е да се инвестира во горенаведените инвестициски зафати со што ќе се овозможи непречена работа на судот.

Судската зграда нема рампа за приземје бидејќи приземјето е на исто ниво со надворешната бетонска патека. Но, за пристап до вториот кат нема ниту рампа, ниту лифт за пристап на лица со попреченост.

Основниот суд Свети Николе има назначено лице за односи со јавноста.

### Основен суд Струмица

Основниот суд во Струмица е основан за подрачјето на општините: Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.

Со одлука на Судскиот совет на РСМ, во Основниот суд Струмица како

носители на судиската функција утврдено е да постапуваат вкупно 15 судии вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во Основен суд во Струмица постапуваат 8 судии, вклучувајќи го и в.д. претседателот на судот. Од овие 8 судии еден судија, со Одлука на Здравствена комисија работи со половина работно време.

Со Одлуки на Судски Совет на РСМ, од трите ново избрани судии во 2023 година двајца судии времено се упатени судиската функција ја извршуваат во Основните судови во Делчево и Берово. Во текот на септември еден од судиите е вратен да ја извршува судиската функција во судот, другиот се уште работи како делегиран судија во Основен суд Берово.

Со Одлука на Судскиот Совет на РСМ, еден судија е упатен да ја извршува судиската функција во Основен суд Делчево почнувајќи од месец септември 2024 година.

Основниот суд во Струмица, како суд со проширена надлежност, смета дека потребно е да биде пополнета предвидената бројка од 15 судиски места.

Со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струмица се предвидени вкупно 117 (сто и седумнаесет) работни места од кои пополнети се 56 (педесет и шест) вкупно работни места со судска администрација и техничка служба. Потребни се минимум уште 10 (десет) нови вработувања.

Во врска со човековите ресурси, потребно е да бидат одобрени нови 10 вработувања и тоа : 2 (два) „Хигиеничари“, бидејќи сега во судот има само 1 (еден), 2(два) „Судски референти – Дактилографи“, 1(еден) „Судски референт доставувач“, 2 (два)судски полицајци, 1 (еден) „Архивар“, 1 (еден) „Судски соработник во одделението за информатика“ и Судски администратор.

Судот истакнува дека поголеми капитални инвестиции сега не се потребни и дека нема поголеми проблеми и пречки во врска со одржувањето на судската зграда и за функционирањето на судот.

Судот поседува со страничен пристап за лицата со попреченост, но нема Лифт. Судот има назначено лице за односи со јавноста.

## Основен суд Штип

Основниот суд во Штип е основан за подрачјето на општините Штип, Карбинци и Пробиштип, со Судско одделение во Пробиштип. Основниот суд Штип, во моментов брои 11(единаесет) судии заедно со претседателот, а од утврдениот број од 19 (деветнаесет) судии.

Во последните две години се пензионирани 4(четири) судии, а на почетокот на оваа година од Основниот суд Штип во Апелациониот суд Штип се избрани 2 (два) судии, еден за кривична материја и еден за граѓанска материја.

Во завршна фаза односно пред самиот избор е оглас за избор на уште тројца судии во Апелациониот суд Штип за граѓанска материја, а бидејќи скоро сите кандидати се од Основниот суд Штип, од судот велат дека голема е веројатноста да бидат избрани уште најмалку двајца судии со кои ќе се намали сегашниот број на судии.

За нормално функционирање на Основниот суд Штип, потребни се уште најмалку 6 (шест) судии.

Во Основниот суд Штип во судската служба и помошно-техничкиот персонал вработени се вкупно 56 (педесет и шест) лица.

Потребни се најмалку 15 (петнаесет) нови вработувања. Потребата, до Судски буџетски совет, е пријавена како барање за вработување на определено време по работни места, но и во Годишниот план за вработувања за 2025 година на 15 (петнаесет) нови вработувања по работни места.

Намалениот број на судии ја намалува ажурноста и нормалното функционирање на судот, а недостатокот на судски службеници и помошно-техничкиот персонал ја намалува ефикасноста и навременоста на вршењето на административните и техничките работи.

Исто така,  судот истакнува дека поради ваквата состојба загрозена е безбедноста, а хигиената е на најниско ниво, како и други работи кои влијаат на нормалното функционирање на судот.

Потребно е реновирање на цел спрат во кој е сметен Кривичниот оддел со поставување на ламинатни подови во работните простории и керамички плочки по ходниците, holовите и скалилата, потоа обнова на тоалетите, електричната и водоводната инсталација и промена на внатрешните врати на судници и другите работни простории.

Исто така, потребна е адаптација и ставање во функција на постоечки, а сега нефункционален влез на спратот од Кривичниот оддел, со уредување на простор кој засега е неискористен, и тоа како пријавница, посебна приемна писарница и за информации и односи со јавноста.

Потребно е средување на судската архива која е сместена во повеќе подрумски простории. кои се несоодветно одржувани, без метални рафтови, во лоши хигиенски услови и без соодветна вентилација.

Потребно е поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија на кров на зградата каде е сместен Граѓанскиот оддел.

Неопходна е замена на информатичка технологија, набавка на клима уреди за судски сали и канцеларии, замена на неисправни метал детектор врати, набавка на нови столици за вработените и други уредувања и опремувања на работни простории.

Подетално сите планирани капитални инвестиции се наведени и опишани и пријавени до Судски буџетски совет како планирани инвестициони активности за 2025 година.

Најголеми проблеми и пречки во врска со одржувањето на судската зграда, а поради што и се потребни капиталните инвестиции, се староста на објектите- судската зграда.

Зградата е изградена пред повеќе од 70 години и до денес скоро ништо не е сменето и обновено. Работните простории се во лоши услови, со дотраен мебел и нефунционална опрема.

Тоалетите не се уредени соодветно, со стари инсталации, санитарии, без керамички плочки. Електрична инсталација поставена при изградбата на зградата, е необновена и на истата се вршени надоврзувања што претставува голема опасност за објектот, за вработените и странките и за граѓаните.

Од судот алармираат дека необновените простории се тешки за одржување поради што хигиената е на најниско ниво, а прашината и непријатниот мирис се штетни за здравјето на вработените кои работат во тие простории. Нефункционирањето на метал детектор вратите поради нивната неисправност ја доведуваат во прашање безбедноста во судските простории.

Зградата на Основниот суд Штип не поседува соодветен пристап за лица со посебни потреби, бидејќи тоа е технички неизводливо поради староста на објектот.

Зградата нема лифт, но постои можност со подготвен проект да се постави како посебна и итна капитална инвестиција.

Основниот суд Штип има назначено лице за односи со јавност.

## Управен суд

Управниот суд е основан и ја врши судската власт на целата територија на Република Северна Македонија.

Во Управниот суд согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ, пополнети се вкупно 26 (дваесет и шест) судиски места, вклучувајќи го и претседателот на Судот, од вкупно предвидените 33 (триесет и три) судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на Судот.

Имајќи |а предвид надлежноста на Управниот суд, но и тековниот прилив на поднесоци (тужби, жалби, процесни поднесоци итн.), кадровската екипираност во поглед на бројот на судиите не е доволна, што се гледа и од фактот што со официјални дописи упатени до Судскиот совет на РСМ е барано да се пополни празнината - разликата помеѓу предвидените судиски места и пополнетите.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Управниот суд Су-04.бр.0101-10/21-2 од 03.02.2023 година, од вкупно предвидените 171(сто и седумдесет и едно) работно место, пополнети се 85 (осумдесет) работни места - во кои се вклучени и 16 (шеснаесет) судски службеници вработени во Судот на определено работно време заклучно со 31.12.2024 година, додека 86 (осумдесет и шест) останати непополнети.

Имајќи ја предвид надлежноста на Управниот суд, како и тековниот прилив на поднесоци и обемот на работа со истите, но и постапувањето со тековните предмети, а од друга страна и кадровската екипираност во секоја од групите на судски службеници, Судот смета дека недостасуваат 6 (шест) раководни службеници од кои 3 (три) се веќе испразнети работни места по разни основи, додека 3 (три) раководни службеници се потребни за трите специјализирани оддели во Управниот суд (во секој оддел по 1 раководен службеник) согласно Програмата за работа на Судот извесен број на административно-технички службеници како извршители во писарници, но и

дактилографи (поради постојниот одлив на овој кадар, но и поради одржувањето на јавни расправи во Судот согласно новиот Закон за управните спорови), како и 2 (два) судски службеници - доставувачи, пред се поради намалување на трошоците за достава на судските писмена, но и поради фактот што Управниот суд кој е со републичка надлежност располага само со 1(еден) доставувач.

Поголем дел од горе наведените работни места кои се однесуваат на судската служба, веќе се барани и во годишните планови за вработување на Управниот суд за 2024 и 2025 година.

Согласно елаборираното во поглед на човечките ресурси на Управниот суд, како за судиите така и за судската служба, се заклучува дека проблем во поглед на ефикасното и квалитетно функционирање на Судот, постои кај кадровската екипираност како кај судиите, така и кај судската администрација во групата на административно-техничката служба (извршители во писарница, дактилографи и доставувачи).

Во однос на капиталните инвестиции кои се потребни во судската зграда, Управниот суд посочува дека побарани се средства од Судски буџетски совет, за изведба на архива врз основа на Основен Проект за реновирање и адаптација на подрумскиот простор во архива на Управен суд.

Потребата од изведба на архива во подрумските простории на Судот произлегува од неопходноста за обезбедување на архивски простор за потребите на Управниот суд, согласно законските прописи и стандарди, а дотолку повеќе имајќи ја во предвид надлежноста на судот на републичко ниво, поради што е потребен соодветен архивски простор за чување и архивирање на судските предмети.

Понатаму, потребна е репарација на вториот хидрауличен лифт кој го поседува судот за да се овозможат услови, за користење на истиот, а заради зголемена фреквенција на вработени и странки во судот, поради преоптовареност на единствениот лифт во функција кој е со минимален

капацитет за задоволување на потребите на судот, а кое е предвидено согласно капацитетот на судската зграда (осум ката).

Исто така, се јавува и потребата од уредување на просторот пред службениот влез на Судот, од причини што истиот е неуреден и треба да се уреди во смисла на расчистување на просторот од плевел и негово хортикултурно уредување со поставување на жардињери со цвеќиња како и поставување на влезна рампа на влезот од паркингот, обележување на паркинг местата, поместување (демонтажа и монтажа) на постоечки јарболи и поставување на громобранско заземјување на истите.

Со оглед дека Управниот суд од 2022 година, има нов објект кој ги исполнува сите стандарди, досега не се појавиле проблеми и пречки во врска со одржувањето и функционирањето на судот, освен претходно наведената потреба од репарација на вториот хидрауличен лифт кој го поседува судот.

Зградата на Управниот суд поседува пристап за лицата со попреченост, од задниот службен влез на Судот, а исто така поседува и функционален лифт кој е во употреба до сите осум ката како и тоалет за лица со посебни потреби.

Како лице за односи со јавноста согласно Годишниот распоред за работа на вработените во судската служба на Управниот суд за 2024 година, е назначен судскиот службеник Софија Наскова - „раководител на одделение за финансиски прашања и други сродни права".

## Виш Управен суд

Вишиот управен суд се основа и ја врши судската власт на целата територија на Република Северна Македонија.

Согласно одлуката на Судскиот совет, Бр.02-2114/1 од 01.12.2015 година, бројот на судиите на Вишиот управен суд е утврден на 13 (тринаесет) судии, вклучувајќи го и претседателот на судот.

Во Вишиот управен суд пополнети се 6 (шест) судиски места, вклучувајќи го и В.Д. претседателот на судот, распоредени во два специјализирани судски совети, согласно Распоредот за работа на Виш управен суд за 2024 година СУ.бр.0102-202/2024 од 27.08.2024 година, и тоа: првиот специјализиран судски совет од имотно правна област и областа за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од работен однос и други права, во кој се распоредени тројца судии, вклучувајќи го и В.Д. претседателот на судот и вториот специјализиран судски совет за даночни, царински и други права, во кој се распоредени тројца судии

Имено, во Вишиот управен суд во  периодот на остварената посета од која произлегува овој извештај, има вкупно 1941 предмети во работа по кои постапуваат и одлучуваат само 6 (шест) судии, вклучувајќи го и В.Д. претседателот на судот, и тоа: во првиот од специјализиран судски совет од имотно правна област и областа за пензии, инвалидски, социјални, здравствени права, права од работен однос и други права, судиите имаат 656 предмети во работа, а во вториот специјализиран судски совет за даночни, царински и други права, судиите имаа 1285 предмет во работа.

Имајќи го превид, бројот на предмети во работа, односно големиот обем на работа во Судот кој во континуитет е присутен во периодот, како и непотполнетоста на предвидените судиски места, Судот смет дека во Вишиот управен суд постои неопходна и итна потреба од пополнување на најмалку 4

(четири) судиски места, со што би се олеснило редовното функционирање на Судот, односно да би се совладал приливот на предмети и Судот би ја постигнал својата ажурност.

Согласно наведеното, Вишиот управен суд со допис СУ-03.бр.0302-79/2024 од 05.09.2024 година, го известил Судски совет на Република Северна Македонија, за алармантната состојба со непополнување на упразнетите судиски места.

Во Виш управен суд, согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места СУ.бр.0101-277/2023 од 14.12.2023 година, предвидени се вкупно 64 (шеесет и четири) работни места, при тоа пополнети се вкупно 16 (шеснаесет) работни места и тоа: 15 (петнаесет) судски службеници и 1 (еден) припадник на судска полиција, 1 (еден) судски службеник од категоријата „А“ – „Судски администратор“; 2 (два) судски службеници од категоријата „Б“ – „Раководни судски службеници“, и тоа: 1 (еден) „Раководител на одделение за информатика“ и 1 (еден) „Раководител на одделение за финансиско и материјално работење“ ; 3 (три) „Стручни судски службеници“, од категорија „В“, и тоа: 2 (два) „Судски соработници“, и 1 (еден) „Помлад судски соработник“; потоа 9 (девет) судски службеници од категоријата „Г“ помошно-стручни судски службеници, и тоа: 1 (еден) „Самостоен судски референт - водител на писарница“, 1 (еден) „Самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта“, 2 (два) „Виш судски референт - извршител во писарница“, 3 (три) „Виши судски референти за обработка на документација – дактилографи“, 1 (еден) „Помлад судски референт – доставувач“ и 1 (еден) „Референт-економ“ и 1 (еден) „Припадник на судска полиција“.

Воедно, Вишиот управен суд, со допис - барање СУ-О3.бр.0302-45/2024 од 18.05.2024 година и СУ-О3.бр.0302-45/2024-3 од 04.07.2024 година, од Судски буџетски совет, побарал да се обезбедат финансиски средства за пополнување на работни места преку унапредување, преку објавување на интерен оглас, согласно изготвениот Годишен план за вработување, заведен во Вишиот управен суд под Су.бр.0102-113/2023 од 29.11.2023 година и

Единствениот годишен план за вработување во судовите во РСМ за 2023 година Бр.08-1471.2 од 22.12.2023 годна, а согласно добиеното Позитивно мислење на Годишниот план за вработување за 2024 година од Министерството за информатичко општество и администрација Бр.09-945/2 и тоа за: „Самостоен судски референт-координатор на дактило биро“ - 1 (еден) извршител и „Судски советник“ - 3 (три) извршители.

Исто така, согласно напреднаведеното, Судот побарал да се обезбедат финансиски средства за пополнување на работни места преку ново вработување, со објавување на јавен оглас, и тоа за: „Виш судски референт за обработка на документација- дактилограф“ – 1 (еден) извршител.

Во однос на Годишниот план за вработување за 2025 година, СУ.бр.0102-168/2024 од 26.07.2024 година, во Виш управен суд, предвидени се вкупно 8 (осум) нови вработувања, и тоа: „Помлад судски соработник“ - 1 извршител, „Судски соработник“ - 3 извршители, „Виш судски референт за обработка на документација-дактилограф“ – 2 извршители, „Референт доставувач“ - 1 извршител, „Судски референт за прием и експедиција на пошта“ - 1 извршител.

Имајќи ја во предвид моменталната состојба со вкупниот број од 1941 предмети во работа, по кои постапуваат 6 (шест) судии, јасно произлегува дека и бројот на пополнети работни места во судската служба, кои во моментот е 15 (петнаесет) судски службеници, е недоволен за редовното функционирање на Судот.

Како што претходно наведовме, имајќи го во вид, бројот на предмети во работа, односно големиот обем на работа во Судот кој во континуитет е присутен во периодот, како и непотполнетоста на предвидените судиски места, сметаме дека во моментот во Вишиот управен суд постои неопходна и итна потреба од пополнување на најмалку 4 (четири) судиски места, како и недоволниот број на вработеи во судската администрација, кои во моментот се 15 (петнаесет) судски службеници и еден припадник на судска полиција, јасно укажува на итната и неопходна потреба од пополнување на систем напреднаведени судиски и работни места, а се со цел да би се олеснило

редовното функционирање на Судот, односно да би се совладал приливот на предмети и Судот би ја постигнал својата ажурност.

Од основањето на судот, активностите од законски определениот делокруг на Вишиот управен суд, се остваруваат во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Никола Парапунов" бр.31 во Скопје, во вкупна површина од 484 м2. Наведениот простор, Вишиот управен суд го користи врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Вишиот управен суд Бр.51-3467/1 од 24.06.2011 година (Службен весник на Република Македонија бр.86/2011).

Делот од наведениот објект што е даден на користење на Вишиот управен суд, се наоѓа во приземниот дел од станбена зграда и истиот располага со вкупно 17 работни простории, опремени со канцелариски мебел, плакари во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд, како и архивираните предмети, а има и 3 мали помошни простории, кои служат на судот за чување на канцелариски материјал, фотокопир и слично.

Наведениот деловен простор, во кој е сместен Вишиот управен суд, не ги задоволува потребите за нормално функционирање на судот, во однос на состојбата на целосната односно над максимална искористеност на административните простории, а која состојба, според сите административно технички критериуми, не овозможува и дозволува нормално извршување на работите и задачите од надлежност на Вишиот управен суд.

Имено, во поглед на проблемот со состојбата на дотраеност на деловниот простор, чести се проблемите и дефектите на електричната инсталација на објектот, поради што се случуваат дефекти и избивање на осигурувачите на таблите за електрична енергија, а честопати осигурувачите на таблите за електрична енергија се загреани и од истите се чувствува мризба на изгорено, поради што од Судот истакнуваат дека принудени се од превентивни причини да ги исклучуваат компјутерите, печатарите (принтерите) за да не настанат поголеми штети.

Исто така, дотраеноста е алармантна и кај климатизерите кои се подложни на чести дефекти посебно во летниот период, и истите се затекнати во деловниот простор уште при самото формирањето и отпочнување со работа на Вишиот управен суд во 2011 година.

Исто така, сериозен проблем во поглед на состојбата на објектот се и оштетувања на водоводната мрежа (цевки) во становите од зградата кои се наоѓаат на катовите над деловниот простор на судот и кои често доведуваат до прокиснување во просториите на судот, а кое нешто го оневозможува редовното и нормалното работење. На овој начин не само што се уништуваат предметите, настануваат и дефекти и кај компјутерската опрема.

Во поглед на состојбата на целосната односно над максимална искористеност на административните простори на објектот во кој функционира судот односно вработените во судот, Судот информира дека судиите се сместени во простории, кои се многу мали и тоа во некои од просториите се сместени по двајца судии, што и тоа како ја отежнува нивната работа.

Во однос на писарницата на судот, судот нагласува дека во просторијата која беше наменета за сала за состаноци, сега е пренаменета во писарница на судот и во неа се сместени пет судски службеници, што предизвикува многу проблеми и многу отежнато работење на судските службеници, речиси невозможно функционирање на писарницата.

Наведеното дотолку повеќе што, Вишиот управен суд не располага со ниту една „Судница“, поради што јавните седници се закажуваат и одржуваат во Кабинетот на претседателот на судот.

Иста, или идентична е ситуацијата и со канцелариите во кои работи и останатиот административно-технички персонал како и стручните судски службеници.

Воедно, во станбениот простор на судот, нема просторија за архивирање на предметите, туку плакарите во кои е сместена архивата, се распоредени по ходниците во судот и по некои од останатите канцеларии.

Со оглед на наведеното, од Судот укажуваат дека состојбата на целосната односно над максимална искористеност на административните простори на објектот во кој функционира судот, како и тешката состојба во поглед на човечките ресурси односно немањето на неопходниот потребен минимум на вработени за нормално и квалитетно извршување на работите и задачите од својата надлежност, на Вишиот управен суд, го отежнува и прави невозможно, правилното управување и движењето на судските предмети, а со тоа и заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи, обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото, преку навремено и ефикасно постапување и решавање на предметите во надлежност на Вишиот управен суд.

Воедно, од страна на Судот, доставен е допис до Министерство за правда и Судски совет на Република Северна Македонија, од каде до денес нема добиено никакво известување ниту пак се превземени било какви мерки за надминување на напреднаведената состојба со деловниот простор во кој е сместен Вишиот управен суд.

Со оглед на сето напреднаведено, најголем проблем за функционирањето на Вишиот управен суд е неопходната и итна потреба од пополнување на најмалку 4 (четири) судиски места, како и одобрување и реализирање на бараните нови вработувања во судската администрација, а се со цел да би се олеснило редовното функционирање на Судот, односно да би се совладал приливот на предмети и Судот би ја постигнал својата ажурност.

Воедно, како основен проблем на Судот останува неговата местоположба, на периферијата од град Скопје, во населба Карпош 4, сместен во станбена зграда како и целокупната состојба во која се наоѓа деловниот простор, детално опишана претходно, а кое нешто во ниту еден случај не соодејствува со функцијата што ја има и извршува Вишиот управен суд, како

специјализиран второстепен суд од областа на управното судство со надлежност за територијата на целата држава.

Со оглед да Вишиот управен суд, се наоѓа во станбена зграда, со деловен простор во вкупна површина од 484 м2, распореден на само еден кат (високо приземје), истиот не поседува, а и нема потреба од поседување на лифт.

Притоа, главниот влез во Судот се наоѓа од другата (странична) страна на влезот во станбената зграда и до него водат скали, поради што В.Д. Претседателот на Вишиот управен суд, уште во текот на 2023 година, одлучил да се спроведе постапка за јавна набавка на работи - Изградба на пристапна рампа за инвалидни лица, согласно Измената на Годишниот план за јавни набавки во 2023 година на Вишиот управен суд СУ-02 бр.0102-1/2023-2 од 13.11.2023 година, обезбедени со Решение бр.01-251/4 од 15.02.2023 година, на Судскиот буџетски совет и Решение за измена на решение на Судски буџетски совет на РСМ, бр.01-459/2 од 12.05.2023 година.

Од страна на Комисијата за спроведување на јавната набавка, доставен е Извештај од спроведената постапка со предлог за поништување на постапката од причина што не беше доставена ниту една прифатлива понуда.

Со оглед на наведеното, со Одлука СУ-02.бр.0302-51/2023 од 06.12.2023 година, се изврши поништување на постапка за доделување договор за јавна набавка на работи - Изградба на пристапна рампа за инвалидни лица за потребите на Вишиот управен суд, спроведена со набавка од мала вредност со објавување на оглас на ЕСЈН, согласно член 48 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија” бр.24/19), евидентен број на огласот за јавна набавка 21390/23.

Притоа, во текот на 2024 година, повторно е спроведена постапка за јавна набавка на работи - Изградба на пристапна рампа за инвалидни лица, согласно Дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2024 година на Вишиот управен суд СУ-02 бр.0102-2/2024-1 од 01.07.2024 година, обезбедени со Решение бр.01-226/8 од 07.02.2024 година на Судски буџетски совет на РСМ за

обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот на судската власт за 2024 година.

Од страна на Комисијата за спроведување на јавната набавка, доставен беше Извештај од спроведената постапка со предлог за поништување на постапката од причина што не беше доставена ниту една прифатлива понуда. Со оглед на наведеното, со Одлука СУ-02.бр.0302-22/2024 од 29.07.2024 година, се изврши поништување на постапка за доделување договор за јавна набавка на работи - Изградба на пристапна рампа за инвалидни лица за потребите на Вишиот управен суд, спроведена со набавка од мала вредност со објавување на оглас на ЕСЈН, согласно член 48 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија” бр.24/19), евидентен број на огласот за јавна набавка 11740/2024.

В.Д. претседателот на судот, со Распоредот за работа на Виш управен суд за 2024 година СУ.бр.0102-202/2024 од 27.08.2024 година, во Глава „Канцеларија за односи со јавноси" има определено судски службеник на работно место со звање судски соработник, за одговорно лице за односи со јавноста, во канцеларијата за односи со јавност.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ И ПРЕПОРАКИ

Општа констатација од извршените посети на апелационите и основните судови од страна на Врховниот суд на Република Северна Македонија е дека судовите во Република Северна Македонија се соочуваат со бројни проблеми кои предизвикуваат сериозни реперкусии во работењето и дека потребно е преземање на итни мерки за надминување на нотираната состојба која е алармантна.

Неопходно е преземање на итни мерки од аспект на човечките ресурси, особено со намалениот број на судии, судски службеници и вработени согласно Законот за работните односи, неизборот на нови судии и континуираното необезбедување нови вработувања во судската администрација, одржувањето на судските згради, реализацијата на неопходните и итни инвестиции и реализацијата на капиталните инвестиции, отсуството на соодветни простории за чување на архивираните предмети согласно правилата за архивско работење, проблеми од финансиски карактер кои го оневозможуваат и отежнуваат одржувањето на судскиот простор, проблеми со набавувањето на соодветна и нова компјутерска и техничка опрема, проблеми со набавувањето на канцелариска опрема и опремување на канцелариите согласно стандардите на канцеларискoто работење и достоинствен работен простор, проблеми во врска со безбедноста на судските згради, донесувањето на внатрешни процедури за работата и сето она што подразбира непречено функционирање на судовите и судската власт согласно нивната уставна и законска положба.

Имено, бројот на судии и судски службеници во судовите не коинцидира со реалните потреби на судовите, односно работните места согласно актите за систематизација и функционалните потреби не се пополнети што ја доведува во прашање ефикасноста во работењето согласно законските надлежности. Често присутен е и проблемот со формирањето на совети поради недостатокот на судии. Ваквата состојба директно се одразува врз ажурноста во постапувањето и одлучувањето, но и директно го загрозува уставно загарантираниот принцип на независност и самостојност на судството, утврден

и во меѓународните акти според кои судиската независност треба да биде законска, функционална и финансиска.

Во таа насока, ефикасноста мора да биде унапредена и во однос на постапувањето со предметите од висок јавен интерес, за кои исто така, неопходни се претпоставките со кои ќе се овозможи елементарна функционалност, па се до утврдување на внатрешни процедури.

Судските згради имаат потреба од итни реконструкции и инвестиции бидејќи фактичката состојба на зградите го оневозможува тековното функционирање на судот, но во голем дел и ја загрозува безбедноста на луѓето и имотот. Поради лошите услови со кровните конструкции, во некои судови во опасност е доведена и целосната опрема во судниците, а во одредени судници веќе има и значителни оштетувања.

Исто така, потребни се и инвестиции во делот на енергетската ефикасност согласно начелото на економичност. Воедно, потребни се инвестиции и во внатрешноста на судските згради, особено во поглед на обезбедувањето на соодветни канцеларии за судиите и судските службеници.

Како проблем е нотиран е и одржувањето на хигиенските услови во судовите и одржувањето на хортикултурниот простор, за што се потребни и нови вработувања, но и почитување на стандардите за соодветно грижење за хигиената како мошне важна компонента во секојдневното функционирање.

Судовите се соочуваат и со проблемите со обезбедување и сопственост на возила неопходни за тековното функционирање на судовите, а ваквиот проблем посебно е нагласен во судовите кои мораат да извршат активности теренски увид во тешко пристапни предели.

Потребно е и обезбедување на соодветна инфраструктура во смисла на непречен пристап на лицата со попреченост бидејќи необезбедувањето на посочената инфраструктура го загрозува и пристапот до правда, но и хуманиот аспект на судовите како заштитници на човековите права. Повеќето од

судовите немаат лифтови со што се отежнува пристапот до судниците и катовите од судските згради, посебно за лицата со попреченост.

Потребно е обезбедување на соодветни простории за чување на архивата согласно правилата за постапување со архивскиот материјал, имајќи го при тоа фактот дека за чувањето на архивскиот материјал од траен карактер неопходно е обезбедување на соодветни и законски пропишани услови за негово чување и заштита од оштетување.

Судовите се соочуваат со недостаток на нова и соодветна информатичка опрема. Сериозен проблем преставува и недоволната кадровска екипираност во делот на информатичките одделенија. Застарената информатичка опрема го отежнува тековното работење и соодветното применување на информатичкиот систем. Од тие причини неопходно да изнајдат начини за решавање на проблемот со кадровската екипираност и итно набавување на нова компјутерска опрема, а со цел доследно вршење на законските надлежности и приближување до стандардите за дигитализација и воспоставување на современ информациски систем, неопходен за работата на секој суд поединечно.

Како проблем се нотира и необезбедувањето вработување на сметководители во одредени судови со што во прашање е доведено постапувањата согласно прописите од областа на сметководственото работење. Исто така, потребно е зајакнување на канцелариите за односи со јавност и унапредување на транспаретноста.

Голем дел од судовите, бараат измени на законските решенија со кои ќе се овозможи поголема инклузивност на кандидати во Академијата за судии и јавни обвинители согласно географскиот принцип и пополнување на судиските места преку таков методолошки пристап со кој ќе се поттикне мотивацијата за судиската професија.

Според судовите, судската власт не е доволно самостојна во распределувањето на судскиот буџет, особено во поглед на намената на средствата за капиталните проекти и зајакнувањето на човековите ресурси.

Објавените податоци на Државниот завод за ревизија потврдуваат дека буџетските средства наменети за судството постојано се намалуваат и не се доделуваат во согласност со Законот за судскиот буџет.

Според последниот ревизорски извештај, средствата кои се издвојуваат за финансирање на Судската власт се драстично помали од законски утврдениот лимит.

Законот за Судскиот буџет пропишува дека со судскиот буџет се обезбедува стабилно, долгорочно, рамномерно и соодветно финансирање на судската власт, а со цел да се обезбеди нејзината уставна и законска независност и самостојност.

Врховниот суд на Република Северна Македонија напоменува дека до денес не е исполнета законската обврска да се обезбеди 0,8 отсто од БДП за судството и во таа насока укажува на должноста и потребата од доследно почитување на Законот за судскиот буџет.

Обезбедувањето на законски утврдените средства за работата на судството претставува еден од клучните фактори за независноста на судската власт која е една од трите власти во државата.

Креирањето и извршувањето на судскиот буџет мора да е во согласност со уставното начело на поделба на власта и во согласност со прописите кои ја гарантираат законската, функционалната и финансиската независност на судството.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Беса Адеми**